**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**




# 2015

# Проценка на закани од сериозен и организиран криминал

Членови на работен тим во Министерството за внатрешни работи задолжен за изработка на Национална проценка на закани од организиран и сериозен криминал (по азбучен ред):
Цветанка ЗАТКОСКА
Викторија КАЛАПОЦЕВА - КУРТОВИЌ
Катерина КОРУНОСКА - СТОЈАНОВСКИ
Дејан ЛАЗАРОСКИ
Марјан НАКОВ
Златко НИКОВСКИ
Анита ОЦЕВСКА

Лекторирал
Анита ТОМОВСКА

Техничка обработка
Златко НИКОВСКИ
Дејан ЛАЗАРОСКИ
Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа

*Изработена во рамки на проектот "Зајакнување на капацитетите за стратешка анализа и изработка на проценка на закани од сериозен и организиран криминал во Република Македонија,Србија и Црна Гора"*





РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ
Бр. 22.4-875
08.03.2016 година
С к о п ј е

# ПРОЦЕНКА НА ЗАКАНИ
# ОД СЕРИОЗЕН И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

**С к о п ј е, 2016 година**

# СОДРЖИНА

Предговор........................................................ 5
Кратенки........................................................ 6
Вовед........................................................ 7
Цели и задачи........................................................ 7
Методологија........................................................ 8
Извори на информации........................................................ 8
Извршно резиме........................................................ 9
Крим релевантни фактори........................................................ 12
Организирани криминални групи........................................................ 13
Недозволена трговија со droги........................................................ 19
    Хероин........................................................ 21
    Кокаин........................................................ 23
    Канабис........................................................ 25
    Синтетички дроги и нови видови психоактивни супстанции...... 28
Илегална миграција........................................................ 31
Компјутерски криминал........................................................ 37
    Платежни картички........................................................ 39
    Сексуална експлоатација на деца на интернет........................ 41
    Интернет измами........................................................ 42
Даночно затајување........................................................ 45
Имотен и Насилен криминал........................................................ 49
    Тешки кражби во објекти........................................................ 51
    Разбојништва........................................................ 54
Криумчарење на стоки........................................................ 57
    Криумчарење на тутун и производи од тутун........................ 59
    Криумчарење на останати видови стоки........................ 60
Препораки........................................................ 61
Референци........................................................ 63



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF INTERIOR

# ПРЕДГОВОР

Почитувани,



Задоволство ми е да Ви ја претставам Првата проценка на закани од организиран и сериозен криминал направена од нашата држава. Овој документ е, како што кажува и името, проценка на сегашни и очекувани идни закани од организираниот и сериозниот криминал кои се однесуваат на нашата држава.

Се надевам дека овој документ, ќе биде основа за понатамошни извештаи, но и предизвик за преземање одлуки за организирано и сеопфатно спротивставување на криминалот.

Борбата против сериозниот и организираниот криминал е стратешки приоритет на Министерството за внатрешни работи. Голем дел на Проценката е базирана на постоечкото знаење и експертиза и е направена да им овозможи на носителите на одлуки да преземат соодветни мерки за справување со растечките закани.

Сите национални служби за спроведување на законот дадоа свој значаен придонес при изработката преку доставување на разузнавачки информации,стратешки анализи,извештаи за работењето кои заедно со јавно достапните информации овозможија креирање на целокупната слика за организираниот криминал во Република Македонија.

Посебно сакам да се заблагодарам на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), Владата на Швајцарија и DCAF кои овозможија поддршка во рамки на проектот “Зајакнување на капацитетите за стратешка анализа и изработка на проценка на закани од сериозен и организиран криминал во Република Македонија,Србија и Црна Гора“, како и на експертите од ЕВРОПОЛ, кои даваа поддршка во целиот процес на изработка.

За крај, и можеби најважно, заслужуваат почит и вработените во Министерството за внатрешни работи кои учествува во изработката на овој документ. Јас го ценам трудот и напорите и им се заблагодарувам за оваа значајна и пионерска работа. Проценката ќе биде важен чекор за зголемување на соработката помеѓу различните надлежни агенции за спроведување на законот и нашите национални и меѓународни партнери. Тоа ќе придонесе за натамошен развој на заеднички цели во борбата против организираниот и сериозниот криминал.

**Директор на Бирото за јавна безбедност**
**М-р Горанче Савовски**

## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| БЈБ | Биро за јавна безбедност |
| SOCTA | Serious and organized crime threat assessment |
| РМ | Република Македонија |
| ОКГ | Организирани криминални групи |
| НТ | Недозволена трговија |
| ЕУ | Европска унија |
| ПОС терминали | Point of sale (места за плаќање со платежни картички) |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка на Европа |
| DCAF | Democratic control of armed forces |
| КГ | Криминални групи |
| СЕД | Сексуална експлоатација на деца |
| НТ | Недозволена трговија |
| ATS | Амфетамински стимуланси |



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
REPUBLIC OF MACEDONIA
MINISTRY OF INTERIOR

# Вовед

Проценката на закани од сериозен и организиран криминал претставува стратешки извештај чија цел е да ги идентификува моменталните закани, да ги одреди приоритетите и да предложи идни активности за елиминирање или намалување на заканите. Изработката на овој документ ќе придонесе за подобро и пошироко разбирање на криминалните феномени и ќе служи како аларм, кој во наредните години ќе сигнализира на нови и значајни криминални активности.

Сериозниот и организиран криминал претставува најсложен и најопасен криминал, кој се заканува на безбедноста во земјата, економијата, владеењето на правото, демократијата и ја зголемува ранливоста на земјите, вклучувајќи ја и Република Македонија. Истиот е динамичен, флексибилен, вклучува голема разновидност на криминални активности, и поврзан е со легитимни бизниси. Превенцијата и сузбивањето на сериозниот и организиран криминал во голема мерка зависи од познавањето на целокупната слика за овој криминал и последиците од неговото дејствување.

Проценката, пред сè, ќе им помогне на донесувачите на политички одлуки, на агенциите за спроведување на законот, како и на сите засегнати страни во решавањето на предизвиците од областа на транснационалниот организиран и сериозен криминал во време на глобализација каде што граничните линии не претставуваат никаква препрека за криминалците. Воедно, ќе помогне во преземање на иницијативи за ефикасно дејствување против сериозниот и организиран криминал во насока на подобра превенција, интервенција и соработка, за да се обезбеди сигурност во земјата, да се зголеми довербата на јавноста, и ефективно да се штити државата и нејзините жители од последиците на овој криминал.

Националната проценка е изработена во рамки на проектот "Зајакнување на капацитетите за стратешка анализа и изработка на проценка на закани од сериозен и организиран криминал во Република Македонија,Србија и Црна Гора". Оваа проценка претставува јавна верзија на Националната проценка на закани од сериозен и организиран криминал. Покрај оваа верзија, изработена е и класифицирана верзија која е достапна само за носителите на одлуки во Министерството за внатрешни работи.

Целта на овој извештај е во еден документ е да бидат идентификувани моменталните и идните закани во Република Македонија од организиран и сериозен криминал. Покрај ова, овој документ ќе обезбеди патоказ на донесувачите на одлуки за можните мерки и активности кои треба да се преземат со цел намалување на заканите

# Цели и задачи

Националната проценка на закани од организиран и сериозен криминал се изработува на барање на раководството на Бирото за јавна безбедност. Областите на криминал коишто се анализирани во Проценката, се утврдени во Стратешката проценка на Бирото за јавна безбедност презентирана пред Стратешка група за давање задачи и координација во месец март 2015 година. За изработка на Националната проценка формиран е работен тим во Бирото за јавна безбедност составен од аналитичари, кои учествуваа на обуки за стратешка проценка во рамки на Проектот за зајакнување на капацитетите. Експерти од ЕВРОПОЛ беа дел од обуката на аналитичарите и го менторираа процесот на нејзината изработка.

Националната проценка не го опфаќа тероризмот како посебен облик ниту врските помеѓу тероризмот и организираниот и сериозен криминал. Исто така, Проценката не ги опфаќа перењето пари и корупцијата како посебна област на криминал, туку како олеснувачи на областите на криминал коишто се анализирани.

Извештајот е изработен користејќи методолошки пристап со посебен фокус на организираните криминални групи, областите на сериозен и организиран криминал и дејствувањето на окружувањето

## Методологија

Проценката на закани е изработена врз основа на методологија подготвена од страна на работниот тим, а се базира врз Методологијата за изработка на Проценката на закани од сериозен и организиран Криминал (SOCTA) од 2012 година, развиена од страна на ЕВРОПОЛ. При изработката на проценката, работниот тим во соработка со нарачателот ги одреди границите на проценката и областите на криминал кои се предмет на анализата. За истите е изработен концептуален модел, по што е изготвен план за собирање информации во кој се идентификувани сите извори од кои ќе се собираат информациите. Информациите се собрани врз основа на Прашалници коишто беа претходно изработени и доставени до институциите и организациите.

При проценка на собраните информациите е користена методологијата на проценка на информациите утврдена со Упатството за проценување на информации собрани за разузнавачки цели (5 x 5). За секоја област на криминал беа собрани информациите согласно индикаторите кои се дефинирани во методологијата и тоа: Организирани криминални групи-индикатори, индикатори во области на сериозен и организиран криминал и Ефект-индикатори.

Обработката и анализата на собраните информации е направена со методолошки пристап и опфатени се и криминалистичко релевантните фактори – овозможувачи на криминалот. Извршено е и скенирање на околината преку собирање на фактички и субјективни информации за околината во која оперира агенцијата за спроведување на законот. Врз основа на анализираните информации, за секоја област на криминал поединечно, изведени се хипотези кои претставуваат идни можни случувања за сериозниот и организираниот криминал. Покрај тоа, согласно со SMART моделот се подготвени и препораки: специфични, мерливи, реални и временски релевантни. Рангирањето на криминалните групи е извршено согласно методологијата воспоставена во Упатството за криминалистички истражувања и справување со криминални групи во Бирото за јавна безбедност. Крим-нет е процес кој е развиен со цел да се идентификуваат, оценуваат, управуваат и разгледуваат криминалните групи кои делуваат во Македонија.

При обработка и анализа на информациите користен е и софтверот NVivo 10 наменет за напредни квалитативни истражувања

## Извори на информации

Проценката е изготвена врз основа на информации со кои располага Министерството за внатрешни работи кои беа собрани преку структурирани прашалници и доставени до организационите единици, информации од годишни извештаи, спроведени истражувања по одредени области на криминал и слично. Користени се и меѓународни извештаи кои се детално наведени во белешките (фуснотите) на овој извештај. Покрај тоа, користени се и информации од отворени извори



# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

**Сериозниот и организиран криминал во Република Македонија се манифестира преку делување на организираните криминални групи (ОКГ) на национално и меѓународно ниво во една или повеќе криминални области заради остварување финансиска и материјална корист. Во сериозниот и организиран криминал, ОКГ ги користат сите финансиски ресурси кои им се на располагање, применуваат експертиза за прикривање на криминалните активности и во одредени ситуации ги користат легалните бизниси за остварување на криминалните цели и остварување профит. Сериозниот и организиран криминал се прилагодува на окружувањето во кое делува, инволвираните применуваат противмерки за заштита и иновативност во нивните методи и умерено влијание во јавниот сектор преку коруптивни активности. Главните криминални области во кои делуваат криминалните актери се нелегалната трговија со дрога, криумчарењето мигранти, компјутерскиот криминал, имотниот криминал, криумчарењето на стоки и даночното затајување.**

**Организираните криминални групи во Република Македонија делуваат на национално и меѓународно ниво, главно во нелегалната трговија со дрога, криумчарењето мигранти, насилниот и сериозен криминал. Истите се разликуваат по нивната бројност, потекло на членовите и не се карактеризираат со изразена хиерархија. Покрај групите кои делуваат повремено, одредени ОКГ се карактеризираат со континуитет во делувањето што се заснова на фамилијарни поврзувања или криминални интереси. Една третина од организираните криминални групи се поликриминални, односно делуваат во повеќе криминални области. Најголем дел од ОКГ не располагаат со голема финансиска моќ, а во своето криминално делување корумпираат службеници од институциите кои се на пониско ниво, при што обезбедуваат заштита на криминалните активности. За заштита употребуваат едноставни и традиционални контра мерки, ги користат легалните бизниси во криминалното делување, а насилството е појава кај изолирани случаи во рамките на групата и надвор од неа. Контролата врз криминалните области е забележителна само кај одредени ОКГ, а криминалните активности се толерираат само кај некои етнички заедници во средината каде живеат членовите, манифестирана со игнорирање на криминалните активности.**

**Недозволената трговија со дрога е еден од најпрофитабилните криминални активности во кои се вклучени најголем број од организираните криминални групи. Република Македонија претставува транзитно подрачје низ кое поминуваат дел од меѓународните рути за транспорт на дрога, земја - крајна дестинација и земја каде се произведуваат одредени видови на дрога. Во нелегалната трговија со хероин се вклучени ОКГ кои организираат меѓународни транспорти наменети за западноевропските држави, од кои мали количини завршуваат на домашниот нарко-пазар. Потеклото на хероинот е од Турција, кој во Република Македонија влегува преку Грција и Бугарија, делумно се складира за понатамошен транспорт или транзитира кон Косово и Србија до крајната дестинација. Кокаинот е застапен во мали количини на нарко-пазарот во Македонија, поради високата цена и малата побарувачка на овој вид дрога. Во Република Македонија, кокаинот доаѓа од пристаништата во регионот, коишто се транзитните точки на веќе воспоставените транспортни рути на кокаин. Нелегалната трговија со кокаин, вообичаено е споредна криминална активност на ОКГ коишто ги користат истите модуси, рути и ресурси кои се веќе воспоставени за другите видови дроги. Во изминатиот период, нелегалната трговија со марихуана бележи експанзија, се до**

намалувањето на производството во Република Албанија, како главен снабдувач на пазарот. По намалувањето на производството на марихуана во Албанија се намалува понудата, што резултираше со зголемена цена на пазарот. Најголемите количини на марихуана кои се внесуваат од Албанија се наменети за транспорт до државите на Европската унија, а одреден дел завршуваат на домашниот пазар. Со намалената понуда на марихуана произведена во Албанија, се интензивира производството на марихуана во Македонија. Синтетичките дроги на локалниот пазар првенствено доаѓаат од соседните држави во регионот и се внесуваат во помали количини. Постои нагорен тренд на популарноста на синтетичките дроги на нарко-пазарот, особено на екстазите, поради ниската цена споредено со цените на другите видови дроги кои се во пораст. Нелегалната трговија со синтетички дроги е споредна криминална активност на ОКГ кои имаат веќе воспоставени методи на трговија со дрога. Покрај екстазите како најзастапени, на нарко-пазарот се јавуваат и нови видови синтетички дроги, а има и обиди за домашно производство.

Илегалната миграција го достигнува највисокото ниво во Македонија со зголемениот број мигранти од државите на Северна Африка и Блискиот Исток, кои до крајната дестинација - државите на Европската унија, ја користат “Западно – балканската“ рута, како дел од секундарното движење. Илегалното преминување на државната граница на влез од Грција и на излез кон Србија го олеснуваат локалните криминални групи кои ги наплаќаат своите услуги на прифаќање, обезбедување привремен престој и транспорт низ територијата на државата и преку илегалните премини. Окружувањето во кое делува криминалната област, во смисла на политичките одлуки кон потенцијалните бегалци или мигранти, има влијание на обемот на криминалната област. Високите цени за услугите при криумчарење мигранти низ државата и големата побарувачка ја прават оваа криминална област високо профитабилна во криминалните кругови, ги зајакнуваат ОКГ и ја зголемуваат потребата од формирање на криминални врски со криминални групи надвор од Македонија.

Компјутерскиот криминал е брзо растечка криминална област која ги опфаќа кривичните дела извршени преку интернет или преку други форми на употреба на компјутерска технологија. Развојот и зголемената употреба на интернет технологијата има големо влијание во развојот на оваа криминална област, во улога на олеснувач на криминалните активности. Зголемената употреба на интернетот во бизнис секторот со употребата на платежните картици за онлајн купување, електронските трансакции помеѓу деловните субјекти и деловната интернет комуникација ја прават оваа криминална област привлечна за криминалните групи и поединци. Лицата кои се инволвираат во оваа криминална област покрај тоа што соработуваат со лица од надвор, се повеќе ги зголемуваат своите вештини за вршење на криминалните активности и прикривање на истите. Нивните активности ги насочуваат кон дестинации надвор од државата, во соработка со лица од други држави заради интернет измами во кои се собираат и разменуваат податоци за електронски адреси, броеви од платежни картици, кориснички имиња на електронска пошта, профили на социјални мрежи и сметки од електронско банкарство.

Главните форми на даночно затајување во Република Македонија се при подготвувањето на даночната пријава, криење на дел од приходите во „Offshore“ држави, поднесување лажни пријави или фиктивни документи, неоданочени бенефиции, злоупотреба на хуманитарни организации, прикривање на корпоративна сопственост и пресметки на плата. Даночното затајување, во одредени случаи се јавува како споредна криминална активност на други криминални области, во кои ОКГ ги користат легалните бизниси. Членови на ОКГ често се управители или овластени лица во правни субјекти кои заради стекнување на противправна имотна корист подготвуваат фиктивни фактури и договори за непостоечки деловен однос.

Имотниот криминал е најзастапен во криминалното окружување со регистрирани кривични дела и сторители во кој доминираат тешките кражби. Поради големото ниво на извршени тешки кражби и предизвикана материјална штета, оваа криминална област претставува сериозна закана за безбедноста на граѓаните и имотот. Станбените објекти се најчеста цел на тешките кражби извршени од лица-повторници кои често се организираат во групи. Кај некои од групите се забележува професионализам при вршењето на тешките кражби, стануваат мобилни, вршат серии тешки кражби, ги менуваат локациите и се инволвираат и во други криминални области. При тешките кражби се одземаат пари, вредни предмети, оружје и техничка стока. Разбојништвата се во континуиран тренд на намалување, со најголема застапеност на регистрирани разбојништва извршени на отворен простор. Најмалку застапени се разбојништвата во деловни објекти каде цел на сторителите се парични средства.

Република Македонија претставува земја на потекло, транзит и крајна дестинација на криумчарени стоки. Најчесто криумчарени стоки се тутунот и производи на тутун, текстилни производи, златен и сребрен накит, лекови, медицински производи, електротехнички уреди и мобилни телефони. Главни фактори на влијание на криумчарењето стоки се економските разлики во државите во окружувањето и неусогласената фискална политика во регионот. Во криминални активности на криумчарење стоки, во најголем број од случаите не се инволвирани припадници на организирани криминални групи, туку привремено здружени поединци кои стекнуваат значајни финансиски средства преку избегнување данок, акцизи и царина. Најкриумчарена стока од ОКГ се цигарите, кои бележат опаѓање во изминатиот период

# КРИМ РЕЛЕВАНТНИ ФАКТОРИ

**Геостратешки** Р.Македонија се наоѓа во централниот дел на Балканскиот полуостров и на раскрсницата од главните коридори исток-запад и север-југ што резултира со зголемен проток и промет на патници, што има влијание на транзитот и транспортот на нелегални стоки, пред се на дрогата. За ваквата состојба придонесуваат и соседните земји кои произведуваат нелегални стоки (дрога и цигари), а територијата на Р.Македонија ја користат како транзит земја до крајните потрошувачи.

Различните нивоа на **економска развиеност** во земјите во регионот, неусогласеноста на фискалната политика и големата разлика на цените на одредени стоки во земјите во регионот, го стимулира криумчарењето на стоки.

Роднински, пријателски, работни и други **врски со дијаспората** во Европа, го олеснуваат вршењето на криминалот обезбедувајќи логистичка и финансиска поддршка.

**Инфилтрирањето на легални бизниси** го олеснува криминалот и тоа како средства за транспорт и места за складирање, а предизвикуваат и нелојална конкуренција на пазарот. Одбегнувањето да се платат давачките кон државата доведува до создавање нелојална конкуренција во однос на стоката која е внесена во државата со платени давачки.

Со актуелизирањето на легализацијата на марихуаната и нејзината употреба за медицински цели во регионот, се зголемува **социјалната толеранција** што го олеснува вршењето на овој криминален бизнис. Постои “прикриена“ толеранција од страна на албанската етничката заедница во средината каде што живеат членовите на криминалните групи кои се занимаваат со оваа криминална активност така што не се пријавуваат криминалните активности поради страв од одмазда. Социјална толеранција е делумно присутна и при криумчарењето, особено во пограничните места на македонско-бугарската граница, каде што живеат лицата кои се занимаваат со овој вид на криминал.

**Нецелосното применување на законската регулатива** од страна на правосудните органи со неизрекување мерка-конфискација на имот, кога е евидентна несразмерност помеѓу постојната имотна состојба и легално остварените приходи, за лица инволвирани во криминални активности им овозможува на членовите на криминалните групи лесно да ги обноват врските во криминалните кругови и да продолжат со криминалните активности




# Организирани криминални групи

Организираните криминални групи се инволвирани во недозволена трговија со дрога, криумчарење мигранти, насилен и сериозен криминал на национално и меѓународно ниво. Околу 26 % од организираните криминални групи се поликриминални и делуваат во повеќе од една област на криминал. Поврзувањата на членовите во организираните криминални групи најчесто е врз основа на семејна или пријателска врска. Повеќе од половината организирани криминални групи се од средна големина во кои членуваат од пет до 14 членови. Стекнатите финансиски средства од криминалните активности се перат преку инвестирање на финансиските пазари, во легални бизниси, движен и недвижен имот. Мал број од организираните криминални групи применуваат корупција во нивното криминално делување, која што е особено изразена кај службеници во спроведување на законот од пониско ниво и влијание во судски процеси за нивни членови.

Согласно националното законодавство во Република Македонија, криминалот од организирана криминална група (ОКГ) се дефинира како кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист.

Во периодот 2013/2015 година во Република Македонија се идентификувани 46 ОКГ, од кои 31 ОКГ се со средно ниво на организираност и 15 ОКГ се со ниско ниво на организираност, а кои со своите криминални активности делуваат на национално и меѓународно ниво. **Областите на криминал** во кои најчесто делуваат ја вклучуваат нелегалната трговија со дрога, насилниот и сериозен криминал. Најголем дел од ОКГ се основани од членови кои сè уште се активни во групите, постои континуитет во членувањето и ретко се менуваат организаторите на групите. ОКГ кои се основани исклучиво од краткорочен криминален интерес, немаат континуитет во извршувањето на криминалните активности. Поврзувањето во структурата на ОКГ најчесто се карактеризира врз основа на семејна основа и пријателски криминални интереси, што особено е изразено во врвот на структурата кај ОКГ кои делуваат подолг временски период.

**Структурата** на ОКГ не е јасно изразена и истите се поврзани на семејна или пријателска основа, особено во јадрото на структура. Криминалниот интерес ги поврзува членовите на групата и обезбедува континуитет на делување на подолг временски период на ОКГ, додека ОКГ кои се поврзани исклучиво од краткорочен криминален интерес, немаат континуитет во извршувањето на криминалните активности. Етничката припадност на членовите на ОКГ обезбедува хомогеност во групата.

Во 52 % од ОКГ доминантна е македонската националност, во 43 % доминантна е албанската националност, а 5% други националности. Се проценува дека околу 63 % од ОКГ се составени од пет до 14 членови, 22 % од ОКГ се составени од 15 членови или повеќе, и 15 % од ОКГ се сочинети од по три-четири членови.

Организираните криминални групи од Република Македонија, на **регионално и меѓународно ниво** се инволвирани во недозволена трговија со дроги, организиран и економски криминал, насилен и сериозен криминал и криумчарење мигранти.

**Во периодот 2013 - 2015 година се идентификувани 46 организирани криминални групи.**

**ОКГ на регионално и меѓународно ниво се инволвирани во НТ со дроги, организиран и економски криминал, насилен и сериозен криминал и криумчарење мигранти**

Според **видот на криминалните области** во кои се инволвирани, 43 % од ОКГ се инволвирани во само една криминална област, 26 % од ОКГ се поликриминални и делуваат во повеќе криминални области, 20 % од ОКГ се инволвирани во една активност, но во одредени прилики се проширувааат и на друга криминална активност, а за 11% од ОКГ не се идентификувани сите криминални области во кои се активни. Организираните криминални групи кои делуваат подолг временски период се најчесто инволвирани во областа на недозволена трговија со дрога и насилниот и сериозниот криминал. Мал е бројот на ОКГ кои делуваат во економскиот криминал.

Според **финансиската моќ**, поголемиот дел од ОКГ не располагаат со големи финансиски средства, што ја ограничува нивната достапност до ресурси. ОКГ кои се стекнале со релативно поголема финансиска моќ, дел од финансиските средства стекнати од криминалните активности, ги внесуваат во легален промет преку легалните бизниси кои ги поседуваат, инвестирање во недвижности, луксузни возила, угостителски објекти и финансиските пазари. Големата финансиска моќ на ОКГ им го олеснува





регрутирањето на нови членови во пониските структури на групата и за корруптивни активности.

**Легалните бизниси** од страна на ОКГ се користат за зголемување на нивната финансиска моќ, прикривање на криминалните активности во и надвор од државата, перење пари и инвестирање на нелегално стекнатите средства во движен и недвижен имот. Поголемиот број од легалните бизниси коишто наменски се отвораат од членовите на ОКГ, најчесто имаат дејност за транспорт, а истите се користат за криумчарење нелегални стоки. Организаторите и членовите на ОКГ во правните субјекти се јавуваат во улога на основачи и управители на повеќе правни субјекти преку кои се врши уплата на парични средства, со цел да се прикрие вистинското потекло и како лица кои се дел од менаџерскиот тим со доминанта улога во одлучувањето. Нивна единствена цел е прелевање на капитал од еден во друг легален бизнис заради стекнување на капитал на штета на други правни лица.

**Организираните криминални групи во Република Македонија ќе претставуваат сериозна закана за безбедноста на граѓаните во иднина. Структурата на ОКГ ќе продолжи да се менува во однос на нивниот хетероген состав којшто ќе вклучува членови од различни националности. Во однос на криминалните области, поголем дел од групите ќе бидат поликриминални и ќе се инволвираат во криминални области што им носат најголем профит. Во одредени области на криминал, ОКГ ќе ги зајакнуваат врските на меѓународно ниво заради олеснување на криминалните активности надвор од Република Македонија, особено во нелегалната трговија со дрога и криумчарењето мигранти**

**Коруптивните активности** се застапени кај мал број од ОКГ, кои корумпираат службеници од спроведувањето на законот од пониско ниво, за дејствија кои им го олеснуваат вршењето на криминалните активности и обезбедуваат нивна заштита. Методите на корупција кои се применуваат од страна на ОКГ се проверени, веќе користени и се прилагодуваат на моменталните услови на криминалната активност. Коруптивното влијание врз органите за спроведување на законот на ОКГ, покрај прикривање на криминалните активности, им обезбедува знаење за тактиките и техниките на откривање на криминалот и обезбедување докази. Преку ова знаење ОКГ ги планираат своите контра мерки.

**Експертиза** е застапена заради прикривање на криминалните активности и избегнување на законите. Од страна на ОКГ се користат експерти или технички алатки за одредени криминални активности преку користење на стручни знаења на сопствените членови или специјализирани стручни лица од легалните бизнис структури. Покрај експертизата од лица кои ги познаваат законите, ОКГ користат стручни знаења во делот на нелегалната трговија со дрога, експертиза при легализирање на криминално стекнат имот и перење пари.

**Заштита на криминалните активности**, најголемиот дел од ОКГ ја обезбедуваат преку употреба на едноставни и традиционални контра мерки од типот на директни лични средби при договарање на криминалните активности и користење методи на обезбедување на рутите на транспорт при криумчарење стоки. При вршењето на криминалните активности преку државната граница, ОКГ често употребуваат технички средства за заштита од набљудување. Одредени членови на ОКГ вршат промена на лични податоци или користат двојно државјанство заради слободно движење во државите на западна Европа, каде што претходно се регистрирани како извршители на кривични дели и имаат забрана за влез.

**Насилството** во ОКГ се применува само во изолирани случаи при извршување криминални активности во рамките на групата и надвор

Организирани криминални групи




од неа. Поради хиерархиската подреденост и високо ниво на лојалност кон организаторите, насилството во ОКГ се применува заради одржување дисциплина во сопствените редови и стекнување моќ и почит во средината во која што делуваат. Насилството е карактеристично за ОКГ инволвирани во НТ со дрога и насилен криминал, манифестирано преку методи за изнудување со лични и телефонски закани, употреба на огнено оружје и оштетување на имот. Дел од ОКГ користат низок степен на закани преку употреба на физички напади, вербални закани и предизвикување физичко насилство со цел заплашување на жртви и сведоци во судска постапка.

Најголем број на идентификуваните ОКГ немаат сопствена **стратегија** и делуваат  на локално и регионално ниво, а дел покажуваат тенденција да се прошират и на меѓународно ниво. Делуваат на традиционален начин, со строга хиерархиска поставеност и поделеност на улогите и обврските во групата. Членовите на ОКГ кои се формираат исклучиво од финансиски интерес, сѐ без силна хиерархиска структура и многу често дел од нивните членови соработуваат и со други ОКГ. **Соработка со други ОКГ** во и надвор од државата остваруваат особено при набавката, транспорт и продажба на дрога и криумчарење мигранти.

Најголемиот дел од ОКГ немаат поврзаност со **криминално – екстремистички групи**. Постојат индиции дека дел од членовите на ОКГ имаат семејни врски со лица кои биле инволвирани во криминално – екстремистички активности и имаат повремена соработка со други криминални и екстремистички групи. Членовите на една ОКГ се радикални и екстремни во своите активности и истите делуваат на меѓународно ниво.

**Контролата** во областа на делување не е карактеристика за мнозинството на ОКГ во



Република Македонија, но исклучок се ОКГ која е инволвирана во НТ со дрога и ОКГ која делува во злоупотребата на службената положба и овластување. Организираната криминална група којашто делува во областа на НТ со дрога има високо ниво на контрола на нарко-пазарот, додека ОКГ која делува во злоупотребата на службена положба и овластување е активна  во давање поткупи и примање награди за издавање дозволи за работа и монополот во делувањето го обезбедува преку политичкото влијание на лидерот.

**Ефектот** на ОКГ врз средината е забележителен во изолирани случаи преку „прикриена“ толеранција од страна на локалното население каде што живеат членовите на ОКГ, главно мотивирана делумно од т.н. лојалност кон етничката припадност, а делумно поради огромната финансиска моќ која се манифестира од страна на членовите и стравот од одмазда од страна на ОКГ. „Прикриена“ **толеранција** е застапена кај некои етнички заедници во средината каде живеат членовите на криминалните групи и се манифестира со непријавување на криминалните активности поради страв од одмазда, а големата и брза заработувачка е пресудна за голем број млади луѓе да се вклучат во криминалните активности




# Недозволена трговија со дроги

**Република Македонија е пред сè транзитна земја, а помалку земја во која се складира дрогата, како и земја во која се произведуваат помали количини на дрога за потребите на домашниот нарко-пазар.**

**Пазарот за недозволена трговија со дрога е динамичен, а веќе воспоставените рути за криумчарење на еден вид дрога, се користат и за криумчарење на останатите видови дроги, „коктел пратки“, како и за вршење на други криминални активности.**

**Најголем број од идентификуваните организирани криминални групи кои се инволвирани во недозволена трговија со дрога, се поликриминални групи кои ги вклучуваат легалните бизниси како средства за вршење на овој вид криминал.**

Недозволена трговија со дроги






Недозволената трговија со дрога е еден од најпрофитабилните активности, во кои се вклучени најголем број од организираните криминални групи. Република Македонија е транзитно подрачје низ кое поминуваат дел од транспортните канали на дрогата, но истовремено и земја во која се произведуваат и консумираат одредени видови дроги. Присуството на наркотични дроги на македонскиот нарко-пазар се гледа од количината на запленети дроги во кои доминира канабисот со неговите деривати и хероинот.

**Пазарот на хероин** во Европа бележи осцилации. Со влезот на неколку земји од Југоисточна Европа во Европска унија, сè поактуелна станува северната гранка од Балканската рута. Поголемиот дел од хероинот кој во Македонија од Турција влегува преку Грција и Бугарија се транспортира до крајните дестинации во западно европските држави, а помал дел завршува на локалниот нарко-пазар во Македонија.

**Глобалното производство** на кокаин генерално опаѓа, а Балканската рута е сè повеќе секундарна рута за криумчарење на кокаинот во Европа. Трговијата со кокаин не претставува сериозна закана за Македонија, а поради високата цена на кокаинот на нарко-пазарот, побарувачката е мала. Во Македонија кокаинот пристигнува во мали количини преку пристаништата во регионот од земјите од Јужна Америка, Холандија и Белгија.

**Балканскиот регион** бележи експанзија на недозволената трговија со марихуана. Трасата за транспорт на канабисот и неговите деривати од Албанија се движи преку територијата на Македонија во насока на Грција, Србија, Косово и Бугарија. По спроведените полициски акции во Албанија, присуството на марихуана во земјата се намалува, што доведува до значајно зголемување на нејзината цена која сè уште е во пораст.

**Производството на синтетички дроги** на глобално ниво сè уште се зголемува, а поради недоволната контрола на прекурсори во регионот и нивната лесна достапност претставува сериозна закана и за Република Македонија. Синтетичките дроги во земјата се криумчарат од Бугарија, Србија и Холандија. На македонскиот нарко-пазар покрај тоа што доминираат екстазите, присутни се и нови видови на синтетички дроги



## Хероин

**Глобално окружување** – Од целокупното глобално производство на опиум кое во 2014 година изнесува околу 7.554 тони, 85% од количините се произведени во Авганистан (UNODC, 2015). Производството на хероин се зголемува и се очекува завршниот стадиум на производство да се пренесе во Европа (EMCDDA, 2015). Во Европа, хероинот влегува преку транзитните **Балканска, Северна** и **Јужна рута** коишто бележат модификации. Балканската рута губи од својата актуелност на сметка на Јужната рута, а постојат обиди за изнаоѓање нови патишта преку Северната рута (EMCDDA, 2015).

**Регионална состојба** – За криумчарење на хероинот низ регионот и понатаму актуелна е Балканската рута, која е поделена на три гранки **северна, јужна** и **западна гранка**. Оваа рута е двонасочна и притоа истата се користи за криумчарење хероин кон земјите од Европа, додека во обратна насока се користи за криумчарење на прекурзори и синтетички дроги кон земјите од Исток. Со влезот на неколку земји од Југоисточна Европа во Европска унија, Балканската рута претрпе одредени модификации, заради што поактуелна е северната гранка (EMCDDA, 2015).

**Република Македонија** е транзитна точка низ која минува западната гранка од Балканската рута за недозволена трговија со хероин. Во Република Македонија не е откриено производство на опиум, а афионот за медицински цели се одгледува во источниот и централниот дел на земјата (EMCDDA, 2015). Најголем дел од хероинот што влегува во државата е само транзитен, а одредени помали количини се складираат на одредени локации каде се врши препакување и менување на квалитетот за понатамошен транспорт до крајните дестинации и дел за домашниот пазар. Домашните заплени на хероин во периодот 2013 и 2014 година бележат намалување, а од вкупно запленетиот хероин (41,41 кг.), 91% биле наменети за меѓународен транспорт. Карактеристично е што сè повеќе македонски државјани се инволвирани во нелегалната трговија со хероин во Западна Европа, пред сè во Австрија и Германија.

**За транспорт на хероин, доминантна е северната гранка од Балканската рута, а во Македонија хероинот влегува од Грција и Бугарија. Во транспортот на хероин се инволвираат македонски државјани кои поседуваат лични документи од земји членки на ЕУ или правни субјекти регистрирани во земји членки на Европска унија.**

**Македонски државјани се регрутираат и за улична продажба на хероин во државите на Европската унија**

Пазарот за недозволена трговија со хероин во Македонија е стабилен. Цената на хероинот како втора најзастапена дрога во државата подолг временски период беше стабилна. Во 2015 година е забележано зголемување на неговата цена, како резултат на зголемувањето на цената




на хероинот во Турција.

**Организираните криминални групи** во Република Македонија организираат транспорти на хероин во државите од Европска унија, кои во поголеми количини го набавуваат од Турција, а при транспортите се почесто ја заобиколуваат територијата на Македонија. Дел од криминалните групи кои организираат транспорти на хероин преку Македонија одредени количини одвојуваат за домашниот пазар кои преку организирани домашни дилерски мрежи ги снабдуваат корисниците на домашниот пазар. Дел од логистичката и финансиска поддршка, криминалните групи ја обезбедуваат преку користење на криминални и роднински врски од дијаспората од државите во Европската унија.

При вршењето на криминалните активности за прикривање и складирање на дрогата, криминалните групи вклучуваат експерти, а во одредени фази ги злоупотребуваат и легалните бизниси кои ги користат за прикривање на активностите. Криминалните групи организираат улична продажба на хероин во некои држави од Европската унија, а за таа цел регрутираат македонски државјани кои се без претходно криминално минато.

**Главните рути** на влез на хероинот во Македонија се преку Грција и Бугарија. Северната граница кон Србија и Косово останува излезна рута преку која хероинот се транспортира до Западна Европа. Најголемиот дел од хероинот што транзитира низ територијата на земјата главно е наменет за Австрија, Германија и Швајцарија.

**Транспортот на хероин** се реализира со патнички и товарни возила организирани од страна на криминалните групи и редовни автобуски линии од јавниот превоз. При транспортот се применуваат различни модуси на прикривање на хероинот, прикриен во внатрешноста на возилото, скриен помеѓу разновидна легална трговска стока и залепен околу телото на лица транспортери. Криминалните групи се професионални при транспортот на хероинот и за таа намена изработуваат специјални празнини (бункери) во возилата наменети за транспорт. За вршењето на транспорт се регрутираат македонски државјани кои поседуваат патни исправи од земји-членки на Европската унија. За прикривање на криминалните активности често се злоупотребуваат и легалните бизнис-активности на меѓународни правни субјекти, со или без знаење на сопственичката структура

**Организираните криминални групи ќе продолжат да ја заобиколуваат Македонија при организирање на транспортот на дрога. Заради големиот профит кој се остварува, ОКГ ќе продолжат да регрутираат македонски државјани во својство на транспортери или улични дилери во западноевропските земји. Побарувачката на хероин ќе се намалува на сметка на големата понуда и ниските цени на синтетичките дроги**








## Кокаин

**Глобално окружување** – Производството на кокаин во светски рамки генерално продолжува да опаѓа, а веќе години наназад, Боливија, Перу и Колумбија се трите главни производители на кокаин на глобално ниво (UNODC, 2015). Главна влезна точка и дистрибутивен центар за **европскиот нарко-пазар на кокаин** се смета Шпанија, а држави од значаен интерес се и Белгија, Холандија, Франција и Италија (UNODC, 2014). Западно африканските држави во трговијата со кокаин имаат значајна улога како транзитни земји.

**Регионално окружување** – За одредени количини, како влезни точки на кокаинот во Европа се користат и источноевропските и балкански пристаништа и аеродроми, од каде истиот се транспортира до западноевропските земји кои претставуваат главни потрошувачи на овој вид дрога. Наспроти Балканската рута за криумчарење хероин, Југоисточна Европа претставува само **секундарна рута за криумчарење кокаин** до земјите од Западна Европа (UNODC, 2014).

**Трговијата со кокаин во Република Македонија** не претставува сериозна закана поради малата побарувачка на овој вид дрога, како резултат на високата цена на кокаинот на домашниот нарко-пазар. Република Македонија се користи како транзитна територија за криумчарење кокаин, преку користење на воспоставените канали за транспорт на други видови дроги, а притоа мали количини се наменети за корисници на домашниот нарко-пазар.

Домашниот нарко-пазар со кокаин во Република Македонија е релативно стабилен веќе подолго време. Запленетиот кокаин наменет за локалниот нарко-пазар во 2013 и 2014 бележи намалување поради неговата мала застапеност, како резултат на малата побарувачка. Цената на кокаинот на локалниот пазар во поголеми количини е стабилна, додека цената на мало го следи трендот на зголемување кој исто така е карактеристичен за целиот регион.

**Организираните криминални групи** кои се инволвирани во нелегалната трговија со кокаин се застапени во нелегалната трговија со други

**Кокаинот во Република Македонија пристигнува во мали количини преку пристаништата во регионот од Јужна Америка, Белгија и Холандија. Кокаинот е малку застапен на домашниот нарко-пазар поради високата цена и малата побарувачка споредено со другите видови дроги. Во Македонија делуваат организирани криминални групи кои вршат повеќекратна трговија со дрога и ги користат воспоставените канали од Балканската рута како секундарна рута за транспорт на кокаин**




видови дроги. Нивните активности се базираат на веќе воспоставени криминални поврзувања кои се користат за нелегалната трговија со кокаин, се користат истите канали на транспорт и истата експертиза и модуси за прикривање на криминалните активности и транспортот. Криминалните групи при нелегалната трговија и криумчарење кокаин се прилагодливи на окружувањето, а за прикривање на криминалните активности често се користат легалните бизнис-структури, најчесто транспортниот сектор. Кокаинот наменет за домашниот нарко-пазар се набавува во помали количини, додека во поголеми количини се преземаат од пристаништата во регионот и за истите се организира транспорт во западноевропските држави.

**Рутите** на влез на кокаинот во Македонија се продолжение на транспортните рути од Белгија, Холандија и земјите од Јужна Америка преку транзитните точки на пристаништата во државите во регионот. До пристаништата во регионот пристигнува по морски пат скриен во легална стока што редовно се транспортира од страна на легалните бизнис процеси.

**Македонскиот нарко-пазар со кокаин ќе остане непроменет во иднина. Модусите на нелегална трговија и воспоставените патни правци за транзит на други видови дроги и понатаму ќе бидат користени и за транспорт на кокаин од страна на ОКГ. Пазарот на кокаин нема да се соочи со промени во однос на понудата и побарувачката**

Криминалните групи при криумчарењето на кокаинот од транзитните точки го криумчарат во прашкаста или течна форма. При нелегалната трговија со кокаин се применуваат иновативни модуси на прикривање на дрогата и истиот првенствено го транспортираат со патнички возила скриен во делови во внатрешноста на возилото или кај транспортерите и како нов модус преку редовните поштенски пратки. Регистриран е случај на транспортирање кокаин од т.н. "голтачи" во обид на пренесување на кокаин преку територијата на Република Македонија до крајната дестинација.








# Канабис

**Глобално окружување** – Канабисот со своите два облици, марихуана и хашиш, веќе долго време претставува најтргувана дрога на нелегалните нарко-пазари во светот. Производството на марихуаната е застапено во сите држави, за разлика од производството на хашиш, чиешто производство е ограничено само во одредени држави. На големата застапеност на канабисот укажува и последниот извештај на EMCCDA за 2015, според кој 75,1 милиони лица во Европа користеле канабис (EMCDDA, 2015). Карактеристична е појавата на зголемена употреба на маслото од канабис, наменето за медицински цели.

**Република Македонија е земја на производство, транзит, складирање и крајна дестинација на марихуана. Најголемите количини кои транзитираат низ Македонија или завршуваат на домашниот нарко-пазар потекнуваат од Албанија. Со намаленото производство во Албанија значително се зголемува цената на марихуаната, наменета за транспорт и за домашниот пазар. Од страна на ОКГ се прават обиди за домашно производство на марихуана на отворен простор и во импровизирани лаборатории. При транспортите на марихуана низ Македонија, ОКГ се иновативни и воведуваат нови модуси за прекугранично пренесување на дрогата. Рутата на криумчарење наркотични дроги што се користи за внесување марихуана во Бугарија е двонасочна**

**Регионални состојби** - Балканскиот регион бележи експанзија на недозволената трговија со марихуана произведена во Албанија. Криумчарењето марихуана произведена во Албанија се врши преку рутите кои најмногу се користат од страна на организираните криминални групи, Албанија – Италија и Албанија – Грција – Италија (SELEC, 2015). Значајни транзитни точки во криумчарењето на марихуаната од Албанија се Црна Гора, Косово, Србија и Македонија.

**Недозволена трговија со канабис во Република Македонија** – Нелегалната трговија со марихуана е застапена на највисоко ниво на нарко-пазарот во Република Македонија во однос на другите видови дроги. Република Македонија е




земја во која се произведува овој вид дрога, територија преку која се криумчари марихуана произведена во соседните држави наменета за западноевропскиот пазар и држава во која се складираат одредени количини дрога наменети за потребите на „домашниот нарко-пазар“. Во периодот 2013/2014 година запленети се 1.920 килограми марихуана, од кои 90% била наменета за меѓународен транспорт. Со спроведените полициски акции во Република Албанија во втората половина од 2014 година, се намалува присуството на марихуаната во регионот, како и организираните транспорти на криумчарење марихуана кон државите на Европската унија за над 70%. Намалувањето на понудата на марихуана на нелегалниот нарко-пазар значително влијаеше на зголемувањето на цената која во континуитет продолжува да расте.



**Организираните криминални групи** кои се сузбиени со нелегална трговија со марихуана во Република Македонија во периодот 2013 – 2015 година, со своите активности се вклучуваат во набавка на марихуаната од Албанија, организирање на транспорт за внесување на дрогата во Македонија преку граничната линија, привремено складирање и организирање транспорт кон крајната дестинација во државите во регионот и Европската Унија. Дел од внесената дрога во Република Македонија се складира и е наменета за снабдување на локалните криминални групи на домашниот нарко-пазар. Криминалните групи регрутираат лица за транспорт на дрогата во и од Република Македонија и имаат лесно достапни ресурси за транспорт на истата. Криминалните групи го менуваат својот состав и сè повеќе стануваат хетерогени по етничка основа. Покрај етничкото








мешање, криминалните групи инволвирани во нелегалната трговија со марихуана стануваат поликриминални и се инволвираат во други области на криминал кои им обезбедуваат профит, како криумчарење мигранти, акцизна стока, нелегална трговија со оружје и лихварство. Криминалните групи во другите области на криминал ги користат веќе воспоставените прекугранични поврзувања и илегални рути.

**Нелегалните рути** на внесување на марихуаната од Република Албанија во Република Македонија се различни. Внесувањето на дрогата се одвива преку легалните гранични премини, илегални премини на зелената граница и по воден пат преку Охридското и Преспанското Езеро. Криминалните групи се иновативни во криумчарењето на марихуаната од Република Албанија, што во најголема мера зависи од количините на дрогата и од временските услови.

По воден пат дрогата се пренесува преку Охридското и Преспанското Езеро во пловни објекти, преку зелената граница се пренесува пеш или натоварена на добиток, додека преку легалните гранични премини се пренесува скриена во специјално направени празнини во возила (бункери) или скриена во легална стока во патнички или товарни возила. Во помали количини дрогата се пренесува скриена во облеката кај посредници кои ги користат меѓународните линии на јавниот превоз. За поголеми количини на транспорт на марихуана, криминалните групи изработуваат специјални простори во конструкцијата на приколката на товарните моторни возила. Одреден дел од внесената марихуана од Република Албанија се складира во Република Македонија одреден временски период, со цел подготовка и организирање транспорт кон крајната дестинација. Складираната марихуана од Република Македонија се изнесува преку неколку правци кон крајните дестинации

**Цената на марихуаната ќе го продолжи нагорниот тренд во зависност од состојбата со овој вид дрога. Домашното производство на марихуана ќе се зголемува преку одгледување на канабис во Македонија на отворено или во импровизирани лаборатории, од страна на корисници, локални дилери и ОКГ. Недозволената трговија со марихуана ќе претставува атрактивна криминална област за ОКГ, кои во иднина ќе ги преориентираат своите криминални активности заради можноста за зголемување на своите профити**



наменета за нарко-пазарите на Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија, Грција, Италија, Австрија, Швајцарија, Германија. Еден дел се насочува преку рутата кон Република Бугарија, која во 2013 година е регистрирана како двонасочна рута. Преку оваа рута криминалните групи ги користат истите модуси како и при транспортот на хероин.  Дел од марихуаната која влегува од Албанија се транспортира преку другите две рути, преку Грција кон Италија или преку Косово и Србија.

Производството на марихуана во Република Македонија не е од голем обем и марихуаната произведена на територијата на нашата земја е генерално наменета за потребите на домашниот пазар. Домашно произведената марихуана не се одликува со висок квалитет и не е конкурента на нарко-пазарите надвор од Македонија. Криминалните групи не располагаат со значителна експертиза за производство на марихуана со висок квалитет. Производството, првенствено е од страна на индивидуални производители на мали површини во рурални средини во планинските предели или во импровизирани лаборатории за производство кои не се опремени со соодветна опрема за производство на квалитетна марихуана

## Синтетички дроги и нови видови психоактивни супстанции

**Глобална состојба** – Групата на синтетички дроги, амфетамински стимуланси (ATS) се однесува на група на дроги во кои главно се вклучени амфетамин и метамфетамин. Сепак, голем број на други супстанции, исто така, спаѓаат во оваа група, како што се methcathinone, fenethylline, ephedrine, pseudoephedrine, methyl-phenidate и MDMA или “екстази” - од типот на амфетамин дериват со халуциногени својства (WHO, 2015).

Во изминатиот период, производството на амфетамин и екстази на глобално ниво е најмногу сконцентрирано во Белгија, Холандија и Полска (EMCDDA, 2015). Појавата на нови психоактивни супстанции на нелегалните нарко-пазари е во континуиран пораст. Нови психоактивни супстанции, на глобалниот пазар познати како „дизајнирани дроги“, „морска сол“, „истражувачки хемикалии“, и „лабораториски реагенси“ кои се произведуваат во Кина, сè повеќе се застапени на пазарот (SELEC, 2015). Развојот на интернет технологијата и социјалните мрежи сè повеќе придонесуваат и ја олеснуваат трговијата со овие видови дроги.








**Регионална состојба** – Регионалниот нарко-пазар за синтетички дроги, особено во Србија, Романија, Бугарија и Хрватска во најголем дел се снабдува од Холандија (UNODC, 2014). Во некои држави во регионот се јавува трендот на производство на синтетички дроги од страна на локалните криминални групи. Во Србија е присутен трендот на производство на синтетички дроги во илегални лаборатории, присуство на нови психоактивни супстанци, како и нивна зголемена употреба (EM-CDDA, 2014). Во Бугарија се бележи пораст на продажбата и користењето на дизајнираните дроги, како и производство на метамфетамин во мини лаборатории (UNODC, 2014). Овие состојби на менување на состојбите во регионалното окружување на нарко-пазарот на синтетички дроги и појавата на производство на синтетички дроги во регионот можат значително да влијаат на понудата и цената на синтетичките дроги во Република Македонија.

**Синтетичките дроги во Република Македонија се внесуваат од Р.Бугарија, Р.Србија и Холандија;**
**Појава на екстази со карактеристични имиња и специфична боја;**
**Трендот на нови психоактивни супстанци во регионот, од 2014 година е присутен и во РМакедонија**

**Недозволена трговија со синтетичка дрога во Македонија** – Синтетичките дроги коишто се застапени на локалниот нарко-пазар во Република Македонија се внесуваат од надвор, првенствено од соседните држави од регионот. Во земјата се внесуваат помали количини синтетички дроги и истите се генерално наменети за локалниот нарко-пазар, без регистрирани појави на транзитирање на овој вид дрога кон друга дестинација, како што е случај со другите видови дроги. Популарноста на синтетичките дроги на домашниот пазар е во нагорен тренд, како резултат на ниската цена на дрогата, споредено со цените на другите видови на дроги кои се во пораст. Ниската цена на синтетичките дроги е фактор за промовирање на нарко-пазарот од страна на криминалните групи. Во 2012 година, во Република Македонија е откриена првата импровизирана лабораторија за производство на метамфетамин со рецептура и потребни супстанци набавени од Бугарија.

Запленетите на синтетички таблети во Македонија се во тренд на намалување. На нелегалниот нарко-пазар доминираат екстазите кои се јавуваат со карактеристични имиња, различни форми и бои („луј витон“; „чупа чупс“). Како резултат на понудата на дрогата и застапеноста на пазарот, цената на синтетичките дроги е стабилна и ниска во споредба со другите видови дроги.

**Организирани криминални групи** коишто се инволвирани во нелегалната трговија со синтетички дроги соработуваат со криминални групи од регионот. Набавката, транспортот и дистрибуцијата на дрогата на домашниот нарко-пазар се врши од страна на криминални групи кои се инволвирани во нелегална трговија со други видови дроги. Криминални групи од Република Македонија се вклучуваат во транспорт и дистрибуција на синтетички дроги на домашниот нарко-пазар или организираат транспорти на синтетички дроги во регионот. При нелегалната трговија со синтетички дроги се користат слични модуси на криумчарење, а исто така се користат легални бизнис структури за прикривање на криминалните активности. Внесувањето на синтетичките дроги во Република Македонија се врши преку легалните гранични премини скриени во моторни возила од страна на лица без криминално минато и преку нелегални премини на зелената граница од лица кои живеат во пограничните места. Синтетичките дроги често се внесуваат во државата како „коктел“ пратки, заедно со други видови дроги, со користење на модусите на прикривање карактеристични за другите видови.

**Со зголемената застапеност на синтетичките дроги на нарко-пазарот во Македонија, ќе се зголемува употребата на овој вид дрога кај корисниците. Организираните криминални групи и поединци ќе прават обиди да започнат сопствено производство на синтетички дроги заради зголемената побарувачка во Македонија. Недозволената трговија со синтетичка дрога ќе стане главна криминална активност на дел од организираните криминални групи кои во минатото вршеа недозволена трговија со други видови наркотични дроги. Регионалното окружување на нарко-пазарот на синтетички дроги и појавата на производство на синтетички дроги во регионот значително ќе влијаат на понудата и цената на синтетичките дроги во Македонија**

**Рутите** на криумчарење синтетички дроги кои се карактеристични за криумчарење на синтетички дроги во Република Македонија се од Бугарија во Македонија, од Холандија во Македонија и од Србија во Македонија.

**Недозволена трговија со нови психоактивни супстанци** – Република Македонија ја зајакнува законската рамка за справување со новите трендови поврзани со новите психоактивни супстанци. Во Македонија во 2014 година се откриени две нови психоактивни супстанци „MDPV methylendi-oxypirovaleron “и „25 C-NBOMe“.



Новооткриената психоактивна супстанца, „MDPV methylendioxypirovaleron“ претставува синтетички катинон, кој на европскиот нарко-пазар е присутен од 2008 година и се продава како легална или синтетичка верзија на кокаинот. Откриената синтетичка дрога „25 C-NBOMe“ која на европскиот пазар легално се продава како алтернатива на ЛСД, може да претставува тренд на појава на пазарот на контролирани дроги или како алтернатива за веќе контролираните дроги






# Илегална миграција

**Политичката и социо-економската ситуација во државите на потекло на мигрантите се главните фактори за илегална миграција. Република Македонија е атрактивна транзитна рута за секундарното движење на илегалните мигранти како дел од т.н „Западно балканската рута“. Криумчарењето мигранти како криминална област останува атрактивна на високо ниво. Локалните криминални групи се инволвирани во олеснување на илегалната миграција. Рутите и модусите за криумчарење мигранти во иднина ќе се менуваат во зависност од окружувањето во кое делуваат криминалните групи. Криминалните групи од Република Македонија соработуваат со криминални групи од соседните држави.**





**Глобално окружување** - Политичките немири на Блискиот Исток, Африка и Јужна Азија доведоа до преобликување на миграциските текови кон Европа. Бројот на откриени нелегални преминувања на граничните премини во Европската унија почна да се зголемува во 2011, додека илјадници Тунижани почнаа да пристигнуваат на италијанскиот брег по почетокот на Арапската пролет. Најновиот бран на откриени мигранти покрај поморските граници на Европската унија се припишува на зголемениот број мигранти и бегалци од Сирија, Авганистан, и Еритреја.

Не постои јасна слика во разграничувањето помеѓу мигрантите на азиланти и бегалци, бидејќи овие групи имаат различно право на различни нивоа на помош и заштита според меѓународното право. Барателите на азил се дефинираат како лица кои побегнале од прогон или конфликт и затоа бараат меѓународна заштита според Конвенцијата за бегалци од 1951 година, а бегалец е барател на азил чие барање е одобрено. Сепак, Обединети нации сметаат дека мигрантите бегаат од војна и прогонување да бидат бегалци, дури и пред тие да добијат азил. Економски мигрант е лице чија примарна мотивација е да ја напуштат својата земја заради одредена економска добивка. Со терминот “мигранти“ се гледа како чадор за сите три термини (сите бегалци се мигранти, но не сите мигранти се бегалци). Европа во моментов е сведок на феномен на мешовита миграција, во кој економските мигранти и барателите азил патуваат заедно, при што овие групи се преклопуваат.

**Илегална миграција во Република Македонија**- Појавата на илегалната миграција низ Република Македонија во изминатите години значително еволуира, во поглед на земјите на потекло на мигрантите, бројот на регистрирани мигранти, структурата на лицата кои поминуваат низ








државата, како и модусот на преминување низ државата. Во изминатиот период, значително се зголемува бројот на мигранти кои потекнуваат од земјите на Северна Африка и Блискиот Исток кои ја користат “Западно-балканската рута“ од Турција преку Грција, Македонија, Србија до државите членки на Европската унија. Во периодот 2013-2015 година во континуитет се регистрира зголемување на илегално преминување на границите на Република Македонија, како на влез од Република Грција, така и на излез кон Република Србија. Бројот на мигрантите повеќекратно се зголемува во текот на 2015 година, кога сè повеќе се користи Република Македонија како дел од западно-балканската транзитна рута.

Република Македонија не претставува крајна дестинација за мигрантите и е дел од секундарното движење на мигрантите од земјите на Северна Африка и Блискиот Исток, кои само привремено се задржуваат во патувањето до крајната цел во западно-европските држави. При транзитирањето низ територијата на државата, мигрантите влегуваат преку грчко-македонската граница на југоистичниот дел, додека излез остваруваат на македонско-српската граница во североисточниот дел.

Ситуацијата со илегалната миграција во Република Македонија се менува во јуни 2015 година со усвојувањето на измените во Законот за азил и привремена заштита“ со што на мигрантите им е овозможено да искажат намера за поднесување барање на право на азил во рок 72 часа или да ја напуштат територијата на државата во овој рок. Со оваа мерка на мигрантите им се овозможува да преминуваат низ Република Македонија легално со користење на јавен превоз, додека државата го контролира протокот на мигрантите со евидентирање на влезот и излезот преку границата. Оваа промена значително го намалува криумчарењето на мигрантите и барањето на услуги за преминување на преку територијата на државата кај криминалните групи.

**Криумчарење на мигранти**-Криумчарењето на мигрантите е криминал кој вклучува




посредување во илегален влез на лице во држава во која тоа лице не е државјанин за одредена финансиска или друга материјална корист. Мигрантите во Република Македонија кои влегуваат илегално, влезот го остваруваат на јужната граница на државата со Република Грција. При преминувањето на територијата на државата најчесто се помогнати од локалното население.

Криумчарењето на мигрантите низ Република Македонија се интензивира со зголемувањето на бројот на мигрантите кои ја користат "западно–балканската" рута, со што се зголемуваат регистрираните кривични дела на давање услуги при преминување на територијата на државата од страна на локалните криминални групи и поединци. Во периодот 2013 – 2015 година се регистрира постојано зголемување на кривичните дела на илегална миграција, *„криумчарење мигранти"* и *„организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти."*

Оваа појава е карактеристична до месец јуни 2015 година со измените на Законот за азил и привремена заштита кога криминалните групи и поединци престануваат да бидат активни. Активностите на криминалните групи повторно започнуваат со воведување на селективниот пристап на пропуштање на мигрантите, при што на влез во Република Македонија се пропуштаат само мигранти кои се категоризираат како бегалци и потекнуваат од воените подрачја на Блискиот Исток (Ирак, Сирија и Авганистан), додека на другите националности кои се третираат како економски мигранти им е забранет влез.

**Криминални групи** - Криминалните групи сè повеќе обезбедуваат услуги за криумчарење мигранти со цел избегнување на граничните контроли и регулативите за миграција. При транзитот низ државата, најчесто ги користат услугите на организираните криминални групи кои им ги нудат услугите за одредени финансиски средства. Криумчарењето на мигранти е високо профитабилен бизнис, во кој криминалците се соочуваат со ниско ниво на ризик за откривање и казнување, со што оваа криминална активност станува сè поатрактивна во криминалните кругови. Криминалните групи стануваат организирани на поголемо ниво, остваруваат поголеми профити, создаваат професионални мрежи кои ги надминуваат државните граници и региони.

Поголемиот дел нелегални мигранти бараат помош од криминалните групи во избегнувањето на граничните контроли, кои остваруваат профит на сметка на тоа. Како резултат на зајакнатите








гранични контроли, мигрантите се откажуваат од обидот за самите илегално да ги преминуваат границите и самите се пренасочуваат во рацете на криминалните групи.

**Рути и модус на криумчарење на мигранти** - Државната граница со Република Грција, мигрантите ја преминуваат со лица водачи, со чија помош влегуваат на територијата на Република Македонија. Овие лица остануваат во напуштени објекти близу државната граница од каде што се превземаат од лица превозници кои за одредена финансиски средства ги превезуваат низ територијата на Република Македонија до северната граница со Република Србија. Мигрантите во близина на границата со Република Србија остануваат неколку дена, до организирање на преминување на границата со Србија. Во пограничните населени места локалните жители им наплаќаат за нивниот престој, како и за помагањето во преминување на државната граница кон Република Србија.

Локалните криминални групи кои го олеснуваат преминувањето на државната граница и транспортот низ Република Македонија, покрај соработката со криминални групи од Грција и Србија, соработуваат со поединци и криминални групи од Авганистан и Пакистан кои престојуваат во Грција и Турција како организатори на патувањето на мигрантите. Тие регрутираат водачи помеѓу мигрантите кои ги обучуваат како да патуваат низ рутата на транспорт. Македонските државјани се инволвираат во фазата на транспорт од јужната до северната граница со Србија. Средствата за транспорт вклучуваат патнички возила, комбиња, но често се користи и јавниот транспорт со автобус и воз. Илегалната

**Република Македонија и во иднина ќе остане дел од секундарното движење преку западно – балканската рута мигрантите кои потекнуваат од државите на Северна Африка Блискиот Исток. Во неможноста да ја преминат територијата на Република Македонија, мигрантите ќе бидат принудени да побараат услуги од локалните криминални групи кои активно ќе се вклучуваат во криумчарењето на мигранти. Организираните криминални групи ќе останат вклучени во криминалната област во зависност од условите на окружувањето во кое ќе делуваат. Поврзувањата со криминални групи од соседството ќе влијае на улогата на локалните криминални групи во оваа криминална област**



миграција станува се повеќе организирана, додека криумчарењето мигранти добива транснационален карактер.

Влегувањето на илегалните мигранти во државата преку грчко – македонската граница го олеснуваат „водичи“ кои ги пренесуваат мигрантите преку граница, кои потоа веднаш се враќаат назад во Грција. Илегалните мигранти се преземаат од други лица кои го организираат понатамошниот транспорт низ државата или обезбедуваат привремен престој за мигрантите во објекти или засолништа во близина на државната граница, додека не бидат преземени од транспортери кои треба да ги превезат до северната граница.

За услугата за транспортирање на мигрантите преку територијата на државата од Грција до Србија се наплаќа од 300 до 1.500 евра за лице, притоа парите се даваат на лице во Солун, Грција, а во некои случаи директно на возачот кој ги превезува или друго лице кое има улога на “чистач“ на рутата кое е претходница на возилото кое ги транспортира мигрантите.

Паричните средства за плаќање на услугите на криминалните групи за превезување, мигрантите многу често ги добиваат преку услугите на финансиските институции за брз трансфер на пари. Овие средства се плаќаат од страна на лица од Грција и Авганистан, кои лица кои престојуваат во Република Македонија со признато право на азил. Со воведувањето на селективниот пристап на пропуштање на мигрантите бегалци, на сметка на економските мигранти, сè повеќе карактеристично станува фалсификувањето документи на државјани од Сирија, Ирак и Авганистан.

Главна рута низ државата која се користи при криумчарењето на мигрантите е патниот правец Гевгелија – Валандово – Демир Капија – Неготино – Велес – Скопје – Куманово, а додека како споредна рута на движење при криумчарење се користи патниот правец од Гевгелија – Валандово преку Струмица, Радовиш, Штип, Свети Николе до Куманово






# Компјутерски криминал

**Порастот на корисниците на интернет во Република Македонија значително влијае на зголемувањето на кривичните дела од компјутерскиот криминал.**

**Најголемите закани од компјутерски криминал доаѓаат од надвор, а поради малиот пазар криминалните групи најчесто ја заобиколуваат Република Македонија во вршењето на кривичните дела.**

**Членовите на криминалните групи од Република Македонија стануваат сè поорганизирани во своето дејствување, се поврзуваат со криминални групи од странство и дејствуваат во одредени фази од компјутерскиот криминал.**






**Компјутерскиот криминал** претставува брзо растечка криминална област во која спаѓаат кривичните дела извршени преку интернет или други форми на компјутерска технологија. На лицата кои се вклучени во овие криминални активности сè повеќе им се во прилог брзината, практичноста, достапноста и анонимноста на интернетот за вршење на различни видови кривични дела. Една од главните карактеристики на оваа криминална област е дека компјутерскиот криминал не познава граници, физичка или виртуелна, предизвикува сериозни повреди и претставува реална закана за потенцијалните жртви во целиот свет.

На глобално ниво, бројот на компјутерски напади на годишно ниво се проценува на околу 1,5 милиони напади, што значи дека на секоја минута во светот се случуваат приближно по три компјутерски напади (CSI:Cyber, 2015). Загубите од компјутерскиот криминал врз светската економија се проценува на околу 445 милијарди долари годишно, додека штетата на поединци предизвикана од хакерски напади изнесува околу 160 милијарди долари годишно (McAfee, 2014).

Регионот на Југоисточна Европа претставува сериозна сајбер закана за Европа, САД и Канада. Врз основа на 47.000 пријавени инциденти поврзани со овој криминал во 2012 година, Бугарија претставувала четврти главен извор за сајбер закани со високи 7% од сите повреди на глобално ниво.

Според агенциите за спроведување на закон во САД, Бугарија е број еден земја извор на криминал поврзан со платежни картици. Бугарските транснационални организирани криминални групи изработуваат уреди за кражба на податоци од платежни картици и испраќаат свои членови во други земји да прибираат незаконски податоци од кредитни картици. Се проценува дека на годишна основа, бугарските криминални групи кои оперираат низ целиот свет украле повеќе од 50 милиони евра - 4 милиони евра во Бугарија (RISC, 2015).





Употребата и пристапот до интернетот во Република Македонија е во постојан пораст и моментално околу 70% од домаќинствата имаат пристап на интернет.  Од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, компјутер користеле 69.2%, а интернет користеле 70.4%. Најголемиот дел од корисниците на интернет употребиле мобилен или паметен телефон за пристап на интернет надвор од дома или од работа .

Бројот на кривичните дела од компјутерскиот криминал е во постојан пораст, со регистрирани вкупно 167 кривични дела во 2014 година, односно 147 регистрирани кривични дела во 2013 година.

Компјутерскиот криминал  е во прогрес и се претвора во индустрија со “снабдувачи, пазари, даватели на услуги, финансирање, системи на трговија и пролиферација на бизнис модели.“ Развојот на технологијата, достапноста на интернетот и сè поголемата употреба на плаќања преку интернетот влијае на криминалците да го насочат своето дејствување кон интернет. Развојот на оваа “индустрија“ сè повеќе ја поддржува употребата на крипто-валутите како Биткоин  и заштитата што ја имаат лицата коишто ги вршат овие кривични дела од технологиите за прикривање на активностите на интернет, во прв ред апликации кои овозможуваат прикриено користење на интернет.

Интернет форумите претставуваат место каде што може да се најде сè поврзано со компјутерски криминал, од видеа со учење за модусите, алатки кои може да се користат при напади до податоци за потенцијални жртви.

Лесниот начин на видео-пренос од растојание им овозможува на криминалците директна (во живо) продукција на материјали со злоупотреба на деца преку видео камерите. Пристапот и сè поголемата експанзија на користењето на социјалните мрежи претставува лесен начин за пронаоѓање на потенцијални жртви

## Платежни картици

Зголемената употреба на платежните картици, како еден од основните начини за плаќања, предизвикува постојан пораст на загубите од овие трансакции. Штетите предизвикани од трансакции со лажни платежни картици на светско ниво во 2014 година достигна 16,31 милијарди долари (McAfee, 2014). Се проценува дека загубите од трансакции со лажни платежни картици во 2014 година на глобално ниво изнесуваат 5,7 центи на 100 долари.

Во државите од Европската унија, исто така, постои зголемување на загубите од трансакции со фалсификувани платежни картици. Во текот на 2013 година на ниво на  Единствена европска евро област (SEPA)  загубите изнесуваа 1.44 милијарди евра, што претставува зголемување за 8% во однос на 2012 година. Од вкупната вредност на плаќања со фалсификувани платежни картици, најзастапено е плаќањето преку интернет или телефон - 66%, потоа ПОС терминали на продажни места - 20% трансакции на банкомати -14 (ECB, 2015).

Бројот на издадени платежни картици и извршени трансакции со истите во Македонија е во постојан пораст. На крајот од 2014 година, банките во Македонија имале издадено вкупно 1.601.445 платежни картици со остварени плаќања преку нив во износ од околу 2.230.000.000 евра (НБРМ, 2015). Користењето на банкоматите за подигнување готовина претставува најраспространет начин на користење на платежните картици.




Користењето банкомати во Република Македонија е генерално безбедно. Кривичните дела со лажни платежни картици на банкомати се вршат најчесто од страна на поединци коишто искористуваат прилики на невнимание на сопственците на картиците или злоупотреба на довербата на жртвите - познаници. При злоупотребата на платежната картица, сторителите ги подигнуваат сите расположливи средства од банкомати или вршат трансакции на продажни места или преку интернет.

**Криминалните групи од Република Македонија стануваат сѐ посериозни во вршењето на кривичните дела. Криминалните активности сѐ повеќе ги насочуваат кон странство и кон вршење на кривични дела онлајн. Плаќањата, издавањето на платежни картици и бројот на уреди за плаќање со платежни картици во Република Македонија е во постојан пораст. Зголемувањето на безбедноста на уредите која банките ја имплементираат значително ги ограничува можностите за делување на оваа криминална област**

Државјани од соседните држави доаѓаат во Република Македонија кои, со фалсификувани документи за лична идентификација и фалсификувани платежни картици, остваруваат трансакции на продажни места. При трансакциите се купуваат стоки од поголема вредност, техничка стока (мобилни телефони, компјутери) или накит, кои потоа можат лесно да се пренесат преку државната граница и истите да се претворат во пари.

Според податоците на Народната банка, бројот на трговци кои прифаќаат плаќање со платежни картици е во постојан пораст. На крајот на јуни 2015 година вкупно 26.320 правни субјекти во Република Македонија за своите производи и услуги овозможуваат плаќање со платежни картици. Со зголемената употреба на интернетот и користењето на платежните картици во Република Македонија, се зголемува користењето на онлајн услугите. Од вкупниот број корисници на интернет, 15.4% ги користеле услугите на онлајн пазарување, притоа речиси 70% купиле облека или спортска опрема (ДЗС, 2015).

Најголемиот дел од злоупотребите на платежни картици на глобално ниво се онлајн трансакциите со фалсификувани платежни картици, каде платежната картица не е присутна при плаќање. Криминалните активности со плаќање со фалсификувани платежни картици во Република Македонија го вршат првенствено млади лица кои нелегално, на најразлични форуми на интернет набавуваат податоци од платежни картици на странски државјани кои подоцна ги употребуваат на веб-страниците на домашни правни лица. При онлајн трансакциите се користат лажни лични податоци и телефонски броеви кои се исклучиво за таа намена.









Македонските државјани и криминални групи кои се занимаваат со криминал со фалсификувани платежни картици стануваат сѐ посериозни во своето дејствување. Своите активности кои ги насочуваат на интернет се поврзани со меѓународни организирани криминални групи кои се занимаваат со обезбедување на податоци од платежни картици на странски државјани и продажба на истите преку интернет. Улогата на македонските државјани во овие криминални групи најчесто е да изработуваат лажни веб-страници преку кои се обезбедуваат податоците од платежните картици и учество на форуми каде се нудат овие податоци[1]. Финансиските средства кои лицата ги заработуваат од активностите на продажба на банкарски податоци од платежни картици им се уплаќаат преку сервисите за брз трансфер на пари кои пристигнуваат надвор од Македонија, најчесто од Мексико, Португалија, Русија, Кина и САД.

Со зголемената употреба на платежните картици бројот на кривичните дела поврзани со платежни картици е во пораст, а со тоа и заканата на македонските државјани од овој вид криминал. Банките и другите финансиски институции кои издаваат платежни картици ќе продолжат со зголемување на заштитата на платежните картици, а особено со воведувањето на платежни картици кои овозможуваат бесконтактно плаќање. Организираните криминални групи од Македонија ќе продолжат да ги зајакнуваат своите врски со странски криминални групи, првенствено со оние од соседството, а своите активности ќе ги насочуваат надвор од државата

1 Лажно претставување со цел добивање на лични, финансиски или други доверливи податоци

## Сексуална експлоатација на деца преку интернет

Бројот на фотографии и видео-материјали со злоупотреба на деца е во постојан пораст. Од 2005 година, кога се проценуваше дека повеќе од еден милион фотографии и видео-материјали се поставени на интернет, оваа бројка секоја година се зголемува за околу 50.000 нови содржини. Голем дел од содржините, од кои околу 70% се однесуваат на деца помали од 10 години, кои засекогаш остануваат на интернет и се достапни за слободен пристап (Commission, 2015).

Трендот на лесната достапност на интернетот кај децата во Република Македонија и недоволната контрола на родителите во однос на лицата со кои комуницираат нивните деца преку социјалните мрежи, создаваат поволни услови за сексуална експлоатација на децата преку

интернет. Регистрираните случаи на сексуална експлоатација на деца во Република Македонија се поединечни случаи извршени од страна на поединци во кои жртвите се лица избрани по случаен избор или се во роднинска врска со сторителот на делата. Сексуалната експлоатација на деца се карактеризира со злоупотреба и прикажување порнографски материјал преку социјалната мрежа Facebook, видео-пренос преку Skype и сл.

**Злоупотребата на деца преку содржини на интернет е во постојан пораст на глобално ниво. Во Република Македонија, содржините со злоупотреба на деца кои најчесто се на веб-страници или социјалните мрежи се посетуваат од страна на поединци, кои само ги прегледуваат без да ги зачуваат на носачи на меморија. Информации поврзани со криминални активности за сексуална експлоатација на деца во најголем дел се преку меѓународна соработка**

Поединечните случаи на сексуална експлоатација на деца преку прегледување порнографски материјал се карактеризира со поединечни случаи на прегледување содржини кои се достапни на интернет, без истите да се чуваат на локални носачи на меморија. Во националното законодавство, прегледувањето на овие содржини на интернет не е казниво, за разлика од нивно производство, складирање и дистрибуција. Во Република Македонија не се регистрирани случаи на сексуална експлоатација на деца преку поставување содржина со детска порнографија на веб-страница која е поставена на „мк“ домен, како и производство на детска порнографија за дистрибуција на истата и остварување на профитот

## Интернет измами

Со глобализацијата на пазарот и големата употреба на интернетот во бизнис-секторот се зголемува користење на интернетот од страна на криминалните групи и поединци во остварување на своите криминални интереси. Потенцијалите на интернетот се искористуваат за да се заменат класичните измами кои во минатото се вршеа телефонски или преку личен контакт со жртвата.

Интернет измамата се врши со преземање кориснички сметки, најчесто на деловни профили, со манипулирање или наведување на лицата преку промена на содржини на електронски пораки за остварување на одредена материјална или финансиска корист. При тие измами, најчесто со помош на „фишинг“ (phishing) на електронската пошта се презема контрола на сметката и истиот се набљудува од страна на измамниците, сè до моментот додека не се пресретне бизнис комуникација каде се вршат насоки за исплата и испорака на фактури и слично. Во дадениот момент, од страна на измамниците се врши промена на содржината на конкретната електронска порака при што се менуваат банкарските податоци и броеви на сметките каде треба да се изврши договорената исплата.

Цел на интернет измамите се податоците за електронски адреси, броеви од платежни картици, кориснички имиња од профили на социјални мрежи и кориснички имиња од сметки на електронско банкарство. Нов тренд во онлајн измамите е појава на интернет измами со нелегално преземање и измамничко посредување во деловната комуникација преку електронска пошта помеѓу македонски компании и нивните бизнис-партнери од странски земји првенствено од Азија, Африка и Латинска Америка (МВР, 2015).

Најчести жртви при интернет измамите кај правните лица се оние кои имаат деловна соработка со фирми надвор од државата и вршат онлајн трансакции, додека кај физичките лица најранливи се лицата кои не се свесни за видовите на интернет измами што се актуелни и немаат соодветна заштита на своите компјутери.








При интернет измамите на физички лица, трансакциите при користењето на производи и услуги од интернет локации чија безбедност е сомнителна, е главната закана за компјутерските измами од овој вид.

Методот на интернет измамите којшто се применува од страна на добро организирани меѓународни криминални групи е со примена на т.н. spam пораки, методи на “phishing“ и “social engineering[1]“, кои успеваат да ја „украдат“ лозинката за пристап до електронската пошта на еден од бизнис партнерите при што добиваат непречен пристап до историјата на целокупната комуникација. Од нивна страна се креира нова електронска пошта, која минимално се разликуваа од постојната и тешко се забележуваа во комуникацијата. Со преземање на оригиналната порака, таа се модифицира и се праќа на лажно креираната електронска пошта на корисникот во која најчесто на партнерот му се укажува на променета банкарска сметка за уплата на финансиски средства со податоци за новата банкарска сметка кои се доставуваат во прилог.

**Интернет измамите претставуваат сериозна закана за правните субјекти кои во своите деловни процеси го користат интернетот. Измамниците најчесто ја пресретнуваат електронската комуникација пришто ги доведуваат во заблуда претставниците на правните субјекти со пренасочување на трансакциите кон други сметки. На интернет измамите најчесто им претходи вршење на т.н. „phishing“, каде се врши кражба на лозинката на учесникот во интернет комуникацијата**

Интернет измамите се застапени и при електронските огласи на македонските веб-страници од страна лица кои не се државјани на Република Македонија. Огласите се карактеризираат со лажна содржина која е лошо преведена преку онлајн преведувачи со многу правописни грешки, во кои најчесто се нуди продажба на стока по нереално ниски цени. За контакт во овие електронски огласи се поставуваат електронски адреси или телефонски броеви од странство.

Лицата кои се инволвирани во оваа област во Република Македонија не се карактеризираат со високо ниво на стручност и експертиза, ги следат трендовите и новите модуси на извршување кои веќе се практикуваат во други држави и го применуваат истиот начин без посебни вештини и креирање на нови модуси. Криминалните активности во оваа област во иднина ќе стануваат пософистицирани, со што ќе се зголемува бројот на кривичните дела и предизвикани штети

1 Социјален инженеринг претставува сет од офлајн и онлајн методи и техники наменети за манипулирање со жртвата, за да ја доведат во состојба доброволно да споделат чувствителни податоци или да трансферираат парични средства. Социјалниот инженеринг се користи поради тоа што луѓето се најчувствителни во целиот безбедносен систем и трошоците за овие напади се значително помали отколку нападите на компјутерите или мрежите




# Даночно затајување

Даночно затајување е застапено при подготвување на даночната пријава, криење на дел од приходите во „offshore“ држави, поднесување лажни пријави или фиктивни документи, неоданочени бенефиции, злоупотреба на хуманитарни организации, прикривање на корпоративна сопственост и пресметки на плата. Даночното затајување во одредени случаи се јавува како споредна криминална активност во други криминални области во кои организираните криминални групи ги користат легалните бизниси. Членови на организираните криминални групи често се управители или овластени лица во правни субјекти кои заради стекнување на противправна имотна корист изготвуваат фиктивни и фиктивни договори за непостоечки деловен однос.

Даночно затајување


ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА
за утврдување на персонален данок на доход
ПДД-ГДП
ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ
ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА
ЗАБЕЛЕШКА

Слика X : Годишна даночна пријава

Глобализацијата на светската економија революционерно го менува окружувањето во кое делува финансискиот криминал. Сложената организација на економиите во услови на пазарен систем, како и поврзувањето на националните економии бараат поголемо знаење, соработка и претпазливост за да се спречи злоупотреба на слабостите на финансиските системи во државите и односите помеѓу државите.

Најчестите форми на даночно затајување се при изготвување на даночната пријава, криење на приходите во „offshore“ држави, поднесување лажни пријави или фиктивни документи, неоданочени бенефиции, злоупотреба на хуманитарни организации, прикривање на корпоративна сопственост и пресметки на плата.

Кривичните дела „даночно затајување“ се намалени во 2014 година во однос на претходната за околу 41%, со поднесени 161 кривични пријави за извршено кривично дело „даночно затајување“ во периодот 2013-2014 година[1]. Во периодот од 2013 година до првите девет месеци од 2015 година статистичките податоци за даночно затајување со откриените кривични дела „даночно затајување“ од страна на службите за спроведување на законот прикажуваат затаени даночни обврски на штета на Буџетот на Република Македонија во висина од околу една милијарда и 845 милиони денари. Од вкупно поднесените кривични пријави (275) за периодот 2013-2014 година, најголемиот дел се поднесени од Управата за јавни приходи (121), а останатите од Управата на финансиска полиција (81) и Министерството за внатрешни работи (73).

Даночното затајување, во одредени случаи се јавува како споредна криминална активност при откриени криминални активности од областа на економскиот криминал, заедно со други кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, фалсификување или уништување деловни книги, злоупотреба на службената положба и овластување.

Слабата финансиска и економска моќ на даночните обврзници и одредени законски одредби во кои се предвидени олеснителни околности при подмирување на даночните обврски, се главните генератори на оваа криминална област. Криминалните активности вклучуваат правни субјекти кои делумно или целосно не ги плаќаат даноците и другите давачки кон државата. Лицата располагаат со потребните вештини и знаења во делот на финансиското и даночно работење, познавање на позитивните законски прописи кои им се во прилог при избегнување на кривично гонење. Сторителите се најчесто сопственици или управители на правни субјекти кои имаат право на управување со финансиските средства и непосреден увид во целокупното финансиско работење на субјектот, учествуваат во подготвување на финансиската документација или даваат налог за изготвување на истата.

Даночното затајување во кое се инволвирани управители на правни субјекти го опфаќа избегнувањето на плаќање персонален данок, данок на додадена вредност и данок на добивка преку изготвување фиктивни договори и фактури за наводно извршени услуги, прикажување фиктивни материјални трошоци, лажни податоци за финансиското работење во книговодствена евиденција и продажба на трговска стоки и услуги во готово, без да биде прикажана продажбата.

**Методот на даночно затајување** при подготвување на даночни пријави е преку лажното побарување на поврат, наплаќање на несоодветно високи цени на услугите и привлекување нови клиенти со ветување на поврати и враќање на данок. Подготвувањето на даночните пријави од страна на непрофесионални и нерегистрирани лица, без поседување на единствен даночен број, не обезбедува голема заштита на даночните обврзници, ја намалува довербата во даночниот систем и усогласеноста со даночните закони на подолг рок и доброволно исполнување на даночните обврски.

Криењето на приходите преку криминални трансакции во “offshore” го вршат професионалци, нивни поддржувачи и останати лица кои ги олеснуваат или овозможуваат измамничките шеми. Избегнувањето на плаќањата на даночните обврски остварени во нашата држава, даночните обврзници се обидуваат да го направат преку криење на приходите во “offshore” банки, брокерски сметки или преку користење на номиниран субјект. Исто така, даночните обврзници ги избегнуваат даночните обврски со користење на “offshore” дебитни картици, кредитни картици, шема на готовински плаќања, странски компании и лизинг шеми.

При **поднесувањето на лажни пријави и фиктивни документи** се откриваат разни случаи во кои инволвираните субјекти поднесуваат лажни пријави со кои бараат поврат на данок, преку користење на фиктивни или фалсификувани документи. Со пријавувањето поврат на данок што е базирано на лажни документи, помеѓу инволвираните даночни субјекти што се дел од ланецот на субјекти за генерирање на фиктивни и фалсификувани документи, одредени субјекти се дел од алката поради своето невнимание кое,исто така, е казниво. Заради избегнување на данок, даночните обврзници искажуваат лажни податоци во даночните пријави, особено во деловите каде што се даваат одредени олеснувања и намалувања на даночните основици, со цел да се избегне плаќање на данок или да се побара неоснован поврат на данок.

1 Надлежни институции за поднесување кривични пријави од областа на даночните измами се Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи и Финансиската полиција

Честа појава на избегнување на плаќање данок е **злоупотребата на организациите ослободени од данок**, како што се донациите преку хуманитарни организации. Со вклучувањето на аранжмани на несоодветно прикривање на приходот или средствата за оданочување, од страна на донаторите се прави обид да одржат контрола над донираните средства или приходот на донираниот имот. Различните шеми на донација на непарични средства, често вклучуваат донации кои се високо преценети, а донациите и даночните обврзници побаруваат хуманитарен придонес.

Заради даночно затајување, одредени правни субјекти се формираат и функционираат во странство за да се прикрие сопственоста и приходите или финансиската активност и тоа преку користење на трети страни или субјекти за префрлање на приходите во земјите со пониски даночни стапки и пријавување помали износи на данок. Овие субјекти се користат за учество во нелегални трансакции и перење пари.

Даночните обврзници, често доставуваат **лажни пресметки за плата** за да ги прикријат даночните обврски и обврските за плаќање на придонесите од плата и персоналниот данок. Со искажувањето на пониски износи на плата од реално исплатената или непријавувањето на сите вработени, даночните обврзници избегнуваат плаќање на придонеси и персонален данок. Со таков вид на даночни измами се оштетуваат државната каса, фондовите и самите вработени.

Членови на организираните криминални групи кои делуваат на национално и регионално ниво се често управители или овластени лица во правни субјекти, кои, за да стекнат противправна имотна корист подготвуваат фиктивни фактури и договори за непостоечки деловен однос. Истите регистрирале и правни субјекти надвор од државата, каде со отворање на нерезидентни сметки во банки и поднесување на невистинити податоци до Управата за јавни приходи подготвуваат и поднесуваат даночни пријави со невистинити податоци и без основ побаруваат поврат на ДДВ, не пресметуваат и не плаќаат данок на добивка и персонален данок на доход.

При регистрирањето на правни субјекти, како основачи и управители често се поставуваат лица со низок материјален статус, чија улога е изработка на лажни фактури за неиспорачани стоки и префрлање на парични средства на трансакциски сметки на повеќе лица, пронаоѓање на наводни купувачи заинтересирани за прием и користење на лажни фактури и корисници на подигната готовина врз основа на непостоечки трговски промет.

Даночното затајување како криминална активност, покрај тоа што нанесува штети на приходите на државата, негативно влијае на перцепцијата на јавноста за капацитетот на институциите за совладување со истата. Даночното затајување ја намалува финансиската моќ на државата, негативно влијае на целокупните општествени, социјални и безбедносни состојби, а одредени субјекти ја зголемуваат својата финансиска моќ за продолжување на криминалните активности. Неповолната економска состојба, невработеноста, желбата и можноста за брза заработувачка, се клучни фактори кои ја поттикнуваат оваа криминална активност. Исплата на минимални примања на вработените со цел, помала основица при пресметување на данок, доведува до опаѓање на стандардот и квалитетот на социјалното живеење. Финансиските ефекти директно влијаат на функционирањето на државата и тековното сервисирање на обврските на државата. Таа криминална област негативно влијание во јавноста и предизвикува намалување на довербата во економскиот систем на државата, државните органи и правосудниот систем, намалување на општествениот морал кај граѓаните, чувство на несигурност во правната држава и нелојална конкуренција во бизнис заедницата






# Имотен и насилен криминал

**Имотниот криминал претставува сериозна закана поради големиот обем на кривични дела, директните последици врз граѓаните и големата материјална штета која е предизвикана од овој криминал. Лесната и брза заработувачка на лицата инволвирани во имотниот криминал влијае на привлекување нови сторители кои првенствено припаѓаат на младата популација. Криминалните активности на организираните криминални групи на кои имотниот криминал им е примарна активност, се карактеризираат со често менување на локациите на извршување заради избегнување на детектирање.**





Ефектот од имотниот криминал кој има влијание врз нормалниот тек на живеење на граѓаните, пред сè поради повредата на гарантираните човекови права, правото на неповредливост на домот и правото на сопственост, предизвикува чувство на загрозена безбедност и е една од главните причини што сите држави со особено внимание и посветеност го имаат како дел од приоритетите на полициското работење. Криминалните активности во областа на имотниот криминал, во голема мера ги загрижуваат државите и граѓаните, пред сè поради застапеноста и големите материјални штети.

Имотниот криминал застапен преку "тешките кражби" и „разбојништвата" го карактеризираат масовноста, големиот број нерасветлени кривични дела, високото ниво на професионализам во извршувањето, употребата на софистицираниот алат и рецидивизмот кај извршителите. Можноста за брза и лесна заработка во оваа криминална активност има високо влијание во регрутирање нови лица кои се инволвираат во оваа криминална активност, особено од младата популација (малолетници).

**Застапеноста** на имотниот криминал во Република Македонија не се разликува од состојбите во регионот или државите во Европската унија. И покрај забележителното намалување на регистрираните случаи, сепак истиот е застапен со речиси 70% од вкупниот криминал во Република Македонија. Географски, застапеноста на имотните деликти во Република Македонија се разликува во зависност од големината на градовите и нивната населеност, со исклучително високо ниво на застапеност на подрачјето на град Скопје.

На **криминалните групи** инволвирани во криминални активности од областа на имотниот криминал, особено тешките кражби, оваа активност им е примарна и во континуитет или делата ги извршуваат периодично во зависност





од потребите. Подобро организираните криминални групи често ги менуваат и локациите и населените места на извршување и остваруваат контакти и соработуваат со локални сторители





## Тешки кражби

**Глобално окружување и регионална состојба** – Имотниот криминал, особено тешките кражби во куќи и станови (резидентни објекти) е препознатлив тренд како на глобално ниво, така и во рамки на Европската унија. Криминалните активности во резидентни објекти во едно деноноќие во одредени држави на Европската унија се застапени на високо ниво и ја надминува бројката од илјада (EUROPOL, 2015).

Во државите на Европската унија овие криминални активности најчесто ги извршуваат „мобилни" организирани криминални групи, кои по извршувањето на една серија тешки кражби се префрлуваат од еден во друг регион (EU-ROPOL, 2015). Појавата на мигрирање на криминалните групи, исто така, е карактеристична и за

**Тешките кражби кои претставуваат над 50% од севкупниот регистриран криминал на територија на Република Македонија бележат мал тренд на намалување. Доминантен е индивидуализмот и рецидивизмот кај сторителите во извршувањето на тешките кражби во станбени објекти. Извршителите на тешки кражби во станбени објекти стануваат професионални со употреба на специјализирани алатки.**

**Криминалните групи кои вршат тешки кражби во станбени објекти, делуваат локално или регионално без активности надвор од државата. Дел од сторителите на овие кривични дела се инволвирани во други области на криминал, најчесто во областа на недозволената трговија со наркотични droги**




Република Македонија и државите од регионот. Криминалните групи од регионот се вклучуваат во овие криминални активности на вршење тешки кражби надвор од нивните матични држави, во држави од окружувањето и во државите на Европската унија (EUROPOL, 2015).

Слабата казнена политика, поединечното и недоволно систематско истражување на оваа криминална област, ја прави релативно атрактивна за криминалните групи кои многу често ги менуваат модусите на извршување, се прилагодуваат на окружувањето и стануваат се повеќе иновативни (EURPOL, 2013).

Трендот на пораст на регистрирани тешки кражби во куќи и станови е карактеристичен во државите на Европската унија. Заклучно со 2013 година, бројот на овие кривични дела бележат експанзија во Грција, Шпанија, Италија, Романија и Хрватска, додека најголем пад има во Литванија и Словачка (Eurostat, 2015).

Во државите од окружување на Република Македонија, состојбата не се разликува од таа во поширокото окружување. Тешките кражби во Косово се во благо зголемување во 2013 година, за потоа во 2014 година за исто толкав процент да се намалат. Трендот на континуиран пораст на тешките кражби е карактеристичен во последните пет години во Република Албанија. Бројот на тешки кражби во Република Србија осцилира, додека во Босна и Херцеговина забележан е континуиран пад на извршени тешки кражби во последните три години. Согласно процесираните случаи во Босна и Херцеговина голем број од лицата, инволвирани во криминални групи кои се занимаваат со недозволена трговија со дрога, пред сѐ зависници, се многу често сторители на тешки кражби и разбојништва.

**Тешка кражба** како кривично дело во Република Македонија  се поклопува со и е квалификуван






Имотен криминал





облик на општиот поим "кражба", во зависност од околностите под кои е извршена кражбата, начинот на извршување и учесниците во криминалната активност. Тешките кражби се речиси половина од сите сторени кривични дела во целокупниот криминал во државата со регистрирани 38.651 во периодот 2013/2015 година. И покрај големата застапеност на овие криминални активности, истите се во континуирано намалување во изминатиот период. Најголемиот дел од регистрираните тешки кражби се на подрачјето на град Скопје, со предизвикана голема материјална штета врз имотите на граѓаните. На територијата на цела држава постои тренд на намалување на тешките кражби во возила, деловни објекти и викенд куќи, во однос на тешки кражби во станбени објекти (куќи и станови). Поголемата материјална корист со која се стекнуваат извршителите од предметите во станбените објекти ги прави поатрактивни во однос на другите.

Модусот на извршување на тешките кражби е различен во зависност од окружувањето на објектот на кражба. Провалувањето на бравата на влезната врата со употреба на **специјален алат** е еден од модусите на влегување во станбените објекти. Специјалниот алат, наменет за разбивање на сигурносни брави, се набавува од странство од страна на извршители на овие криминални активности или се користи и изработува подесен и модифициран алат што се употребува за таа намена. Зголемената свест кај граѓаните за безбедноста на сопствените станбени објекти и дополнителните мерки на заштита кои индивидуално ги преземаат влијае на инвентивноста на извршителите на тешки кражби.

Модусот  на влегување во станбени објекти преку балконски врати и прозорци е карактеристично во целата земја, особено во периоди од годината или денот кога станарите традиционално се отсутни од дома. Балконските врати и прозорци претставуваат полесна пречка за совладување за извршителите на тешки кражби. Овој модус на вршење тешки кражби е карактеристичен за

**Тешките кражби во станбени објекти ќе продолжат да бидат најзастапените кривични дела во однос на другите криминални активности. Не се очекуваат сериозни промени ниту во понудата ниту во побарувачката на предмети кои потекнуваат од извршени тешки кражби во куќи и станови. Постојат можности криминалните групи да се движат и да ги вршат кривичните дела во различни региони на Република Македонија, но и да излезат вон границите во земјите на Европската унија, пред сѐ поради олеснетото движење овозможено од безвизниот режим**

извршување од страна на криминални групи со серии на извршени тешки кражби на одредено географско подрачје. Пред извршувањето на серија тешки кражби групата го набљудува просторот и одредува објекти каде треба да се вршат кражбите, а извршителите се поделени во различни улоги.

Најголем интерес кај извршителите се парични средства или предмети од поголема вредност, злато и накит, коишто подоцна можат лесно да се продадат на “црниот пазар“. Често се одзема техничка стока со поголема вредност (компјутери, телевизори) или мобилни телефони кои лесно можат да се наплатат. Последниот период е евидентирана појава на одземено оружје при вршење на тешките кражби во станбени објекти.

Предметите кои се одземаат при вршењето на тешките кражби најчесто се нудат на продажба во други градови или надвор од државата, во зависност од видот, а поретко во градовите каде што се крадени.

Организираните криминални групи кои вршат тешки кражби имаат средно ниво на организираност. Поврзувањето на членовите е на основа на заедничко криминално минато или поради заедничкиот финансиски интерес. Организаторите во криминалните групи учествуваат во извршување на тешки кражби и ја организираат продажбата на предметите. Криминалните групи делуваат локално, на територијата на местото на живеење или во други градови каде престојуваат само за време на вршење на криминалните активности. Организираните криминални групи кои вршат тешки кражби се често инволвирани во нелегална трговија со дрога, а стекнатиот профит од продажбата на украдените предмети се користи за набавка на дрога

## Разбојништва

**Глобално и регионално окружување** – разбојништвата во Европската унија и регионот, во изминатиот период немаат изразен тренд, кој се разликува во различни држави во зависност од окружувањето во кое извршителите делуваат. Извршените разбојништва се намалуваат во континуитет во текот на 2012 и 2013 година, при што во последните две години постои особено намалување на организираните разбојништва во банки, при транспорт на пари или банкомати (EUROPOL, 2015).



Во државите на Европската унија се менува националноста на криминалните групи кои делуваат во оваа криминална област. Во изминатиот период како најзастапени се криминалните групи од Балтичките држави на местото на криминалните групи од државите од Западен Балкан кои подолго време со своите криминални активности беа најчести извршители на разбојништва (EUROPOL, 2015).

На регионално ниво, покрај во своите матични држави, криминалните групи вршат разбојништва во соседни држави. Криминални групи од Албанија, покрај делувањето во сопствената држава инволвирани се во вршење на разбојништва во Македонија, додека криминални групи од Босна и Херцеговина делуваат и вршат разбојништва во Црна Гора. Во Република Србија присутен е тренд на намалување на разбојништвата, но српски државјани се вклучени во извршување на разбојништва во држави од регионот и држави на Европската унија, најчесто во златари. Во Босна и Херцеговина пак забележан е континуиран пораст на извршени разбојништва со употреба на оружје, од страна на добро организирани помали групи кои не се цврсто поврзани или немаат хиерархија.



Насилен криминал




Карактеристика, што е заедничка за скоро сите држави, е тоа што најчесто мета на напад се постари лица, кои лесно можат да се измамат. Со пораст во бројките на оваа категорија на лица во рамки на Европската унија, загрижува можноста од зголемување на бројот на жртви од овој вид на кривични дела (EURPOL, 2013).

Во **Република Македонија**, разбојништвата како кривични дела од областа на имотните деликти вклучуваат употреба на насилство во извршувањето, односно „употреба на сила или закана врз животот или телото на друг со намера да се одземе туѓ подвижен предмет и противправно да се присвои“.

Во период 2013 – 2015 година регистрирани се вкупно 1.051 разбојништва, коишто претставуваат речиси 2% од севкупниот регистриран криминал во овој период. Во последните две години има тренд на опаѓање на разбојништвата, а најголемиот дел се регистрирани на подрачје на град Скопје.

**Разбојништвата во Република Македонија се намалуваат во континуитет, а во зголемување е расветлувањето на и процесирањето на сторителите на овие кривични дела. Просечно се врши по едно разбојништво дневно, вообичаено без организиран облик на криминална група со извршување од страна на 2 до 3 лица. Употребата на насилство при извршувањето на разбојништвата е се помалку присутна, без употреба на оружјето кое се користи за заплашување. Најранливи жртви во разбојништвата се помлади лица, лица од женски пол или постари лица. Деловните објекти кои се цел на разбојништвата се најатрактивни за сторителите заради паричните средства кои се одземаат за време разбојништвото**

Во поглед на **локации на извршување на разбојништва**, повеќе од половината од регистрираните разбојништва се од полесен вид, извршени на отворен простор (улични разбојништва) со главна цел на напад - помлади

лица. Останати локации на извршување на разбојништвата се продавници, при што од вработените, најчесто лица од женски пол се одземаат пари, како и станбени објекти каде најчесто жртви се постари лица. Најмалку застапени се разбојништвата на бензинска пумпа, казино, спортска обложувалница, пошта, банка и други локации каде пристапот на пари е брз и лесен.

Вообичаено, речиси сите разбојништва се извршуваат во **период од денот** кога видливоста е намалена. Карактеристично за разбојништвата во деловни објекти е тоа што се вршат пред крај на работното време и фреквенцијата на луѓе е намалена.

**Средство за закана** при извршувањето на разбојништвата најчесто е огненото оружје, но најчесто само како средство за заплашување, без употреба на истото. Употребата на физичка сила, исто така, е метод којшто се применува од страна на извршителите на разбојништва.

**Во криминалната област на имотниот криминал во делот на разбојништвата не се очекуваат изразени промени во нивната застапеност, начинот на извршување, примената на насилство и видот на жртвите во разбојништвата. Најчести жртви на разбојништвата и понатаму ќе бидат помлади лица и лица од женски пол. Брзата заработка од разбојништвата ќе биде фактор на влијание кој ќе ги привлекува сторителите, со можност на формирање на поголеми криминални групи кои ќе се инволвираат во оваа криминална област**

Се користат бројни помагала (нож, шипка, спреј, маска) што го олеснуваат извршувањето или сокриваат идентитетот на лицата. Заради **сокривање на идентитетот**, покрај маскирањето, сторителите облекуваат гардероба што не е лесно препознатлива и избегнуваат комуникација со жртвите. Како последица на извршените разбојништва изолирани се случаите на сериозни повреди на жртвите, а само два случаи се со смртни последици. **Главна цел** на разбојништвата се паричните средства или вредни предмети кои можат лесно да се наплатат од страна на сторителите.

Во Република Македонија не се регистрирани криминални групи кои имаат организиран облик во извршување на разбојништвата, освен помали групи составени од две-три лица кои по серија извршени разбојништва престануваат со криминалните активности






# Криумчарење на стоки

**Република Македонија е земја на потекло, транзит и крајна дестинација на криумчарени стоки. Произведен тутун во Македонија се криумчари надвор од Македонија во соседните држави преку илегални и легалните гранични премини. Цигарите се криумчарат во Македонија и кон соседните држави на легално набавени цигари или цигари кои се нелегално произведени. Преку границите со Албанија и Косово се внесуваат нелегално произведени цигари додека кон Бугарија се криумчарат легално набавени и нелегално произведени цигари.**





Глобализацијата значително ја промени природата на криумчарење стоки на глобално ниво во однос на нивното потекло, дестинација, рути на транспорт, видови и цена на стоките. Криумчарењето на стоки како криминална активност е атрактивна за криминалните групи заради малиот ризик и високиот профит.

Недозволената трговија со тутун и производи од тутун е глобална закана која предизвикува загуба од над десет милијарди евра во земјите од Европската унија (Commision, 2013). На глобално ниво, најголем број од запленетите производи кои повредуваат права од интелектуална сопственост потекнуваат од Кина.

**Земјите од Југоисточна Европа** се транзит регион за криумчарење стока. Неусогласеноста на фискалната политика на регионално ниво, големата разлика на цените, зголемувањето на акцизите во соседните земји е потенцијална причина за појавата на овој вид криминал. Бугарија и Грција се земји со највисоки даночни оптоварувања и акцизи во регионот, каде присуството само на нелегалните цигари е од 20-30%. Тутунскиот пазар во Македонија е стабилен, а нелегалната трговија со цигари е најмала во регионот и изнесува само 2%.

**Република Македонија** е земја на потекло, транзит и крајна дестинација на криумчарени стоки. Царинските прописи, социјалното и економското окружување во државата влијаат врз облиците на криумчарењето стоки, видовите на криумчарени стоки и рутите на криумчарење кои сè повеќе ја заобиколуваат Република Македонија како транзитна земја. Во периодот 2013 – 2015 година, во и низ државата се криумчарени различни видови стоки, пред сè цигари, тутун, добиток, прехранбени производи, лекови и медицински производи и помагала, електротехнички уреди, мобилни телефони, текстилни производи, златен и сребрен накит.

Во криминални активности, во најголем број случаи, не се инволвирани припадници








на организирани криминални групи, туку привремено здружени поединци кои стекнуваат значајни финансиски средства преку избегнување данок, акцизи и царина на стоките.

При криумчарењето на легалните стоки се применуваат модуси, карактеристични како и при криумчарењето на нелегални стоки, во патнички и товарни возила, автобуси, скриени во багажот или облепени околу телото на лицата кои ја преминуваат државната граница, фабричките шуплини или во специјално направени бункери од возилата

## Криумчарење на тутун и производи од тутун

Криумчарење тутун и производи од тутун го опфаќа криумчарењето на цигари во Македонија наменети за домашниот пазар или понатамошно криумчарење во соседните држави и криумчарење на тутуни и цигари во соседните држави. Произведен тутун во Македонија се криумчари надвор од Македонија во Косово, Србија, Бугарија, Грција и Албанија преку илегални и легалните гранични премини. Криумчарењето на цигари како акцизна стока се врши од Македонија во Бугарија на легално набавени цигари, од Албанија во Македонија кон Бугарија и Грција на нелегално произведени цигари и од Бугарија во Македонија кон Косово и повторно во Бугарија на цигари со фиктивен извоз за продажба во Косово кои потоа се враќаат во Бугарија. Криумчарењето на цигари во Македонија како најкриумчарена стока, бележи опаѓање во последните две години. Во периодот 2013 – 2014 година спречено е криумчарење на 1.3 тони дробен тутун кој поради ниската цена во Македонија се криумчари во Косово, Албанија, Бугарија и Србија. Во периодот од 2011-2014 година

# Криумчарење на стоки

запленети се вкупно 48.120.903 парчиња цигари. Во Република Македонија се криумчарат легално произведени цигари со контролна бандерола, како и нелегално произведени цигари и цигари без контролна бандерола. Граничните линии со



Косово и Албанија се едни од главните места за влез на  нелегални цигари, а граничната линија со Бугарија е главен излез на криумчарење цигари.

На легалните гранични премини цигарите се криумчарат со фалсификувана документација или прикриени друга стока. Криумчарење на цигарите преку нелегалните гранични премини во зависност од теренот се врши со патнички и товарни моторни возила, добиток или пловни објекти преку Охридското Езеро. При криумчарењето на цигарите преку нелегалните премини, често се користи локалното население кое добро го познава теренот. Со криминалните активности при криумчарењето на цигари криминалните групи се стекнуваат со високи профити поради големата разлика на цените, а притоа често во прикривање на криминалните активности се вклучуваат легалните бизниси

## Криумчарење на останати видови стоки

Во периодот 2013 – 2014 година при спречени обиди за криумчарење текстилна стока запленети се  220.000 парчиња. Текстилна стока првенствено се криумчари од Бугарија и Грција во Македонија, како крајна дестинација или транзитно кон Косово. При криумчарењето на текстилна стока, од страна на криминалните групи не се применуваат софистицирани методи како со другите видови легални и нелегални стоки, а карактеристика се коруптивните активности кон граничните службеници. Најголемиот дел од текстилните стоки кои преминуваат низ македонско – грчката граница се со потекло од Кина. Овие стоки најчесто ги повредуваат правата на интелектуална сопственост и завршуваат на домашниот пазар или се наменети за транзит преку територијата на Република Македонија, најчесто кон Косово

**Во иднина алтернативните рути на криумчарење стоки ќе ја заобиколуваат Македонија како транзитна земја. Криумчарењето на цигари кон Бугарија ќе продолжи да биде актуелно помеѓу криминалните групи, со очекуван зголемен интензитет на криумчарење цигари кон Грција**



# ПРЕПОРАКИ

## ПРЕВЕНЦИЈА

- Интензивирање на соработката и заедничките активности на владини и невладини организации во реализација на превентивни трибини, предавања, едукативни содржини во електронски медиуми, како и активно учество на ученици и наставен кадар во едукативни кампањи спроведени во образовниот систем со единствена цел развивање на мерки за намалување на злоупотребата на наркотици, рано предупредување за нивната штетност и зголемување на свесноста на граѓаните за проблемите од злоупотребата на дрогата.
- Спроведување на едукативни кампањи во образованието со цел зголемување на свеста за опасноста и ризиците кај децата  кои се изложени на интернет и реализација на превентивни трибини, предавања, едукативни содржини во електронски медиуми за запознавање со мерките за заштита од компјутерскиот криминал.
- Интензивирање на превентивната работа на полицијата во локалната заедница на основа на изработени анализи за објекти и места на вршење на криминал на одредени подрачја;
- Зајакнување на превенцијата преку преземање на конкретни мерки за исполнување на даночните обврски, како и организирање и спроведување на превентивни акции со цел обраќање на пошироката јавност за негативните последици од  вршење на криминални активности поврзани со криумчарење мигранти, недозволената трговија со акцизни и друг вид на стоки и др.

## РАЗУЗНАВАЊЕ

- Насочено собирање и размена на информации врз основа на кои ќе се изготвуваат анализи за сите феномени на организираниот и сериозниот криминал;
- Обезбедување на разузнавачки податоци, како и сеопфатно оперативно дејствување кон најкритичните криминални закани.
- Формирање на заеднички истражни тимови од страна на агенциите за спроведување на законот и преземање на мерки кон најзаканувачките организирани криминални групи кои дејствуваат во земјата.
- Сузбивање и следење на интернет продажба; контрола на лекови за широка примена, кои се користат за производство на синтетика, зајакната контрола на прекурзори и репроматеријали за производство на синтетика.

# ПРЕПОРАКИ

## СПРОВЕДУВАЊЕ

- Изготвување на стратешки и оперативни акциски планови по приоритетните закани;
- Постојана обука и техничка поддршка на институционалните капацитети во насока да можат соодветно да реагираат на променливоста на криминалот, особено во поглед на примената на новите техники и користење на алтернативните рути;
- Континуирано зацврстување на капацитетите насочени кон финансиска истрага со цел истрага за финансиски средства добиени од криминал и интензивирање на примената на конфискација на имот од страна на правосудните органи
- Да се пристапи кон обезбедување на соодветни и насочени обуки за полицијата и царината за препознавање на новите синтетички дроги , новите психоактивни супстанци присутни на пазарот и пренасочување на одредени хемикалии (прекурзори) за нелегални производство на дроги.
- Стандардизација на начинот на прибирање на информации преку претходно утврдени и развиени клучни индикатори по области на криминал;
- Фокусирање на капацитетите на форензичка анализа во насока на одредување на чистотата на запленетата дрога и фокусирање на институциите определени со закон во насока на обезбедување на податоци за бројот на корисници на дрога во Република Македонија, по претходно утврдени индикатори;
- Понатамошно зајакнување на законската рамка во справување со новите трендови на нелегални активности поврзани со дрога – појава на нови психоактивни супстанции;
- Зајакнување на мерките за спречување на перењето на пари;
- Континуирано продолжување на интегрирање на меѓународната соработка во преку промовирање и спроведување на мултилатерални, регионални и билатерални соработки меѓу правосудните,царинските и полициските служби за борба против организираниот и сериозниот криминал и подобрување на размената на информации;
- Учество и поддршка на меѓународни операции и истраги;
- Воспоставување на национален систем за рано предупредување на нови дроги на пазарот според постојните ЕУ регулативи и активно партиципирање во истиот;
- Активно учество во аналитичките фајлови на Европол преку доставување на стратешки податоци за криминал.
- Зајакнување на соработка со Агенциите на Европска Унија од областа на дрогите преку размена на разузнавачки податоци и формирање на заеднички истражни тимови и преземање на мерки со земјите во кои организираните криминални групи имаат развиено свои криминални мрежи;

## Референци


**Commision, European. 2013**. Stepping up the fight against cigarette smuggling and other forms of illicit trade in tobacco products - A comprehensive EU Strategy. Brussels : European Commision, 2013. COM(2013) 324.

**Commission, Eurpoean. 2015.** Migration and Home Affairs. A Global Alliance against Child Sexual Abuse Online. [Мрежен] 01 December 2015. http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-we-do/policies/organized-crime-and-human-trafficking/global-alliance-against-child-abuse/index_en.htm.

**CSI:Cyber. 2015**. CBS. [These Cybercrime Statistics Will Make You Think Twice About Your Password] 2015.
ECB. 2015. Fourth report on card fraud. Frankfurt, Germany : European Central Bank, 2015.
EMCDDA. 2015. European Drug Report 2015. Lisabon : European Monitoring Center for Drugs and Drug Addiction, 2015.

**—. 2015.** National report 2014: Republic of Macedonia. Lisbon : European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 2015.

**—. 2014**. National Report: Republic of Serbia. Lisabon : European Monitoring Centre for Drugs, 2014.
EUROPOL. 2015. Interim SOCTA 2015: An update on Serious and Organised Crime in the. Brussels : Council of the, 2015. 7271/15 .

**Eurostat. 2015**. EU trends in statistics on police-recorded crime and the criminal justice system, 2008 - 2013. EU trends in statistics on police-recorded crime and the criminal justice system, 2008 - 2013. [Мрежен] 08 November 2015. http://ec.europa.eu/eurostat/statistics-explained/index.php/Crime_and_criminal_justice_statistics.

**EUROPOL. 2013.** EU serious and organised crime threat assessment - SOCTA 2013. Van Deventer : European Police Office, 2013.

**McAfee. 2014.** Net Losses: Estimating the Global Cost of Cybercrime - Economic impact of cybercrime II. Santa Clara, CA 8766 : Center for Stretegic and International Studies, 2014.
RISC. 2015. Bulgaria 2015 Crime and Safety Report. Sofia, Bulgaria : Research & Information Support Center, 2015.

**SELEC. 2015**. Report on drug seizures in South Eastern Europe. Bucharest : Southeast European Law Enforcement Center, 2015.

**UNODC. 2014**. The Illicit Drug Trade Through South-Eastern Europe. Vienna : United Nations Drugs and Crime, 2014.

**—. 2015**. World Drug Report. н.м. : United Nations Office on Drugs and Crime, 2015.
WHO. 2015. World Health Organization. Amphetamine-type stimulants. [Мрежен] 15 December 2015. http://www.who.int/substance_abuse/activities/amphetamine/en/.

**ДЗС. 2015**. Државен Завод за Статистика. Користење на информатичко-комуникациски технологии во домаќинства и кај поединци. [Мрежен] 30 Октомври 2015. http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=77.

**МВР. 2015.** Министерство за Внатрешни Работи на Република Македонија. Вести. [Мрежен] 20 Ноември 2015. http://mvr.gov.mk/vest/874.

**НБРМ. 2015**. Народна Банка на Република Македонија. Платежна статистика. [Мрежен] 12 Декември 2015. http://www.nbrm.mk/?ItemID=A1AAFAF3058C7542AF147E0E202319EC.

**Петрушевска, Татјана. 2014**. Национална стратегија за дрога во Република Македонија 2014-2020. Скопје : н.а., 2014.



## ФОТОГРАФИИ

**Насловна** – МВР| **Страна 13/19/37/49/57** – МВР| **Страна 16/17** – МВР| **Страна 20** – www.google.mk/maps | **Страна 20** - МВР | **Страна 25** – www.google.mk/maps | **Страна 20** - МВР |**Страна 26** - МВР |**Страна 28** - МВР |**Страна 30** - МВР |**Страна 32** - http://sputniknews.com/europe| **Страна 32** - http://lider.mk|**Страна 33** - http://frontex.europa.eu| **Страна 33** - http://vecer.mk|**Страна 36** - МВР |**Страна 38** - МВР | **Страна 38**- МВР |**Страна 41**- МВР |**Страна 41**- МВР | **Страна 53**-http://www.alamy.com/stock-photo/balcony-crime.html | **Страна 53**-http://www.hibiscuscoast-seconds.co.za/hcs-community-anti-crime-microdot | **Страна 55**- http://www.whio.com|**Страна 55**- МВР | **Страна 55**- МВР | **Страна 59** – www.google.mk/maps| **Страна 61**- МВР | **Страна 61**- МВР

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

www.moi.gov.mk